European Monitoring Centre
for Drugs and Drug Addiction

MK

# Здравствени и безбедносни закани поврзани со дрогите на Западен Балкан

Регионален извештај

2022

European Monitoring Centre
for Drugs and Drug Addiction

# Здравствени и безбедносни закани поврзани со дрогите на Западен Балкан

Регионален извештај

2022

## Правно известување

Оваа публикација на Европскиот центар за следење на droги и зависности од дроги (EMCDDA) е заштитена со авторски права. Изготвувањето на овој извештај е финансирано од проектот EMCDDA- IPA7 (ЕУ-спогодба за придонес 2019/406-479) што го финансира Европската Унија. Изразените ставови во овој документ на ниту еден начин не го одразуваат официјалното мислење на Европската Унија.

Луксембург, Канцеларија за публикации на Европската Унија, 2023

© Европски центар за следење на дроги и зависности од дроги, 2023

Репродуцирањето е дозволено под услов да се наведе изворот.

Препорачан цитат: Европски центар за следење на дроги и зависности од дроги (2023), *Здравствени и безбедносни закани поврзани со дрогите на Западен Балкан, Регионален извештај*, Канцеларија за публикации на Европската Унија, Луксембург.



| | | | |
|---|---|---|---|
| **Print** | ISBN 978-92-9497-852-3 | doi:10.2810/251254 | TD-03-22-106-MK-C |
| **PDF** | ISBN 978-92-9497-853-0 | doi:10.2810/112795 | TD-03-22-106-MK-N |



EMCDDA-IPA

Funded by the European Union

European Monitoring Centre for Drugs and Drug Addiction

Praça Europa 1, Cais do Sodré, 1249-289 Lisbon, Portugal
Tel. +351 211210200
info@emcdda.europa.eu | www.emcdda.europa.eu
twitter.com/emcdda | facebook.com/emcdda

# Содржина


4 Благодарност

5 Вовед

7 Клучни наоди

11 Двигатели и олеснувачи

13 Политика за дрогите и закон

14 Употреба на дроги, штетни последици и одговори

19 Влијание на пазарот на дрога врз Западен Балкан

21 Улогата и влијанието на криминалните мрежи на Западниот Балкан врз пазарот на дрога во ЕУ

25 Канабис: употреба, производство и снабдување

30 Кокаин: употреба и снабдување

34 Хероин и други опиоиди: употреба и снабдување

37 Синтетички дроги: употреба, производство и снабдување

40 Референции

# Благодарност

Овој извештај е заснован на студијата која ја спроведе Глобалната иницијатива против транснационално организиран криминал (GITOC) во рамките на проектот EMCDDA-IPA7 што го финансира ЕУ (EMCDDA-шифра на договорот: CT.21.EU4MD.0048.2.0).

EMCDDA-група за изработка на нацрт: Andrew Cunningham, Frédéric Denecker, Paul Griffiths, Jane Mounteney, Andre Noor, Robert Patrancus, Roumen Sedefov, Katerina Skarupova и Alexander Soderholm.

GITOC-студиска група: Kristina Amerhauser, Walter Kemp, Fatjona Mejdini и Ruggero Scaturro.

EMCDDA-соработници: Marie-Christine Ashby и Cécile Martel.

EMCDDA и проектниот тим на IPA7 им изразуваат благодарност на раководителите на национални опсерватории за дроги и на националните дописници на IPA кај релевантните проектни партнери, како и на разните национални специјалисти вклучени во имплементацијата на проектот IPA7 помеѓу 2019 и 2020 година. Овие активности директно и индиректно придонесоа за сознанијата што ја составуваат основата на овој извештај.

# Вовед

Овој извештај дава регионален преглед на состојбата со дрогата на Западен Балкан. За потребите на оваа анализа, регионот опфаќа четири земји кандидати (Албанија, Црна Гора, Северна Македонија и Србија), како и два потенцијални кандидати за членство во Европска Унија – Босна и Херцеговина и Косово ([1]).

Од 2008 година EMCDDA работи со Западен Балкан за развој и имплементација на проекти за техничка соработка финансирани од Инструментите за пристапна помош (IPA) на Европската комисија (ЕК). Целта на овие проекти е корисниците да се запознаат со политиките и методите на работењето на ЕУ и да се подготват за консолидирано и структурирано известување на EMCDDA.

Анализата која е овде претставена има за цел да одговори на некои од непознатите работи за состојбата со дрогата во регионот така што ќе ги обедини достапните информации за моделите на употреба на дрогата и нејзините последици, во контекст на политиките и реакциите за справување со дроги, како и со согледување на податоците за производството, трговијата и снабдувањето со дрога и како може да влијаат тие врз посложени прашања поврзани со безбедноста. Со заедничка анализа на здравствените и безбедносните податоци, намерата е да се обезбеди похолистички и стратегиски ориентирано разбирање на состојбата со дрогата, а не овие области да се посматраат одвоено. Меѓутоа, и покрај тоа што е направен секаков обид да се искористат сите информации кои се моментално достапни и да се потврдат заклучоците изведени од повеќе извори каде што е можно, во некои области има сериозен недостиг од податоци. Во овој извештај дури се користени експертски мислења кои може да дадат корисни мислења, но таквите проценки не е можно емпириски да се потврдат. Имајќи ги предвид овие факти, мора да се води сметка за изведувањето заклучоци од достапните податоци, а во согласност со тоа вниманието е врз идентификацијата на важни непознати работи што заслужуваат идни истражувања и анализи.

Оваа анализа сугерира дека криминалните мрежи на Западниот Балкан станале клучни актери и на регионалниот и на пазарот на дрога во ЕУ. Ова делумно ја одразува географската положба на Западниот Балкан, кој се наоѓа на крстосницата на бројни главни рути за трговијата со дрога, пред сè, балканската рута за трговија со хероин, но сега се можни и некои нови рути за други дроги, вклучувајќи и кокаин. Се чини дека влијанието на овие текови на дрогата врз безбедноста, управувањето и владеењето на правото е значително и дека има последици и врз регионот и врз ЕУ. Постојат и докази кои укажуваат на тоа дека некои криминални мрежи од овој регион имаат значително оперативно присуство внатре во ЕУ.

Додека расположливите податоци според меѓународните стандарди укажуваат на тоа дека вкупната употреба на дрогите во регионот е ниска, може да се согледаат забележителни разлики во моделите на употреба кај различните старосни групи и супстанциите. Значителен проблем поврзан со расположливите податоци за преваленцијата во регионот е малата подготвеност да се пријави употребата на дрогите и поради општествената стигма поврзана со употребата на дрогите, што може да доведе до недоволно пријавување.

Има постојана потреба да се следат штетните последици поврзани со употребата на опиоиди и кокаин во регионот, бидејќи постојат докази кои укажуваат на тоа дека употребата на овие супстанции се развива така што може да има значителни импликации во иднина. Генерално, во поглед на давањето услуги, податоците укажуваат на сеопфатна потреба во регионот да се зголеми достапот до лекување и други услуги за лицата со проблеми со дрога. Се чини дека особено одговорите на вообичаено штетната употреба на неопиоидни лекарства моментално се недоволно развиени, додека во исто време потребите во оваа област може да растат.

Регионалниот преглед претставен во овој извештај почнува со анализа на двигатели и олеснувачи на регионалниот пазар на дрогите. Потоа следи преглед на развојот на политиката за дрогата и постојните правни и регулаторни пристапи. Потоа, во текстот се разгледува кои информации може да се соберат од достапните податоци за моделите на употреба на дрогата, мерките за реагирање и штетните последици поврзани со консумирање дрога. Потоа се анализираат влијанието на пазарот на дрога врз Западниот Балкан и улогата и ефектите на криминалните мрежи на Западниот Балкан во ЕУ. Извештајот завршува со регионален преглед на секој од главните видови дроги пронајдени во оваа област, со фокус на употребата, производството и трговијата.

([1]) Оваа ознака не ги доведува во прашање ставовите за статусот и е во согласност со Резолуцијата 1244/1999 на СБ при ОН и мислењето на Меѓународниот суд на правдата за прогласување на независноста на Косово.

## Методи и податоци

Следењето на моделите и трендовите за скриено и стигматизирано однесување како што е употребата на дроги или на криминалните активности како што е трговијата со дрога претставува предизвик и практично и методолошки. Достапноста на инфромациите за дрогите исто така, генерално, е релативно ограничена во регионот иако тоа во одредена мера не се разликува од земја до земја. Од таа причина, користени се повеќе извори на податоци за анализата која е овде прикажана. Меѓутоа, поради инхерентни ограничувања на расположливите податоци, потребна е претпазливост при нивното толкување, посебно кога земјите се споредуваат според која било мера.

Националните власти вложуваат напори за да ја подобрат достапноста на податоците, но често се справуваат со неразвиена инфраструктура за рутинско следење. На пример, регистри на лекување за лицата кои користат дрога постојат само во Црна Гора и Србија. Србија е единствена земја која има официјално воспоставен посебен регистар на морталитет за евидентирање смртни случаи поврзани со дрога, иако некои податоци на оваа тема рутински ги соопштуваат и Албанија, Косово и Северна Македонија.

Во некои случаи за кои постојат информации податоците се застарени или методолошките информации не се достапни, што ги комплицира толкувањето и анализата. На пример, постои недостаток на информации во врска со методите користени за изработка на проценка за зголемување на употребата на дрогата за Босна и Херцеговина за 2012 година, како и во врска со проценките на опфатот на намалување на штетните последици и лекување со опиоидни агонисти кои ги пријавиле голем број на меѓународни организации. Податоците од регистарот на лекување и морталитетот често имаат ограничена географска покриеност или сè уште не се целосно усогласени со EMCDDA-протоколите. Исто така е важно да се спомене дека собирањето голем број здравствени податоци кои се достапни во регионот е поддржано од меѓународни организации. Глобалниот фонд, на пример, финансирал извесен број на биобихевиористички студии. EMCDDA исто така ги поддржа истражувањата на општата популација, покрај Европското интернетско истражување за дрогите EWSD) ([2]) и ја финансираше работата на Европското училишно истражување за алкохол и други дроги ([3]) во регионот.

Податоците за безбедносните индикатори, како што се кршењето на законите за дрогите, запленувањето дрога, составот и цената на дрогата се собрани од министерствата за внатрешни работи, правда и царина на Западен Балкан. Вложени се напори за да се соберат и да се доставаат безбедносните податоци до EMCDDA во согласност со неговите стандардни протоколи и тоа е областа во која сите земји во регионот постигнале одреден напредок. Меѓутоа, вкупната споредливост и сеопфатност на овие податоци остануваат проблематични. На пример, и покрај тоа што сите земји даваат податоци за заплената на дрога, јасно е дека тие не се секогаш целосно точни или целосни. Освен тоа, сите земји не биле во можност да дадат податоци за некои значителни теми, како што се за бројот на кривичните дела поврзани со дрогата или мерките за достапноста на дрогите, како што се јачината/чистотата на запленетата дрога и утврдените цени.

За да се надминат некои недостатоци во информациите, дадената анализа исто така се потпира на истражувањата што ги спровела Глобалната иницијатива против транснационалниот организиран криминал (GI-TOC). Овој проект што го нарачал EMCDDA вклучувал прашалници и полуструктурирани интервјуа со над 20 учесници од Западен Балкан. Исто така, спроведено е со повеќе фокус-групи и извршен е преглед на достапните научни и неофицијални изданија кои ги објавиле и владини и невладини организации.

Податоците, исто така, се извлечени од некои дополнителни студии што ги спровел или поддржал EMCDDA и информациите кои на EMCDDA му ги дале националните опсерватории за дроги (NDOs). Во отсуство на национална опсерваторија за дроги, податоците ги дале националните дописници на EMCDDA-IPA7 користејќи ги рутинските и воспоставените алатки за известување. За сите извори на податоците и литературата користени во анализата дадени се референции. Освен ако не е поинаку наведено, квалитативните податоци претставени овде се од интервјуа и фокус-групи опфатени специјално за овој проект.

---

(2) За повеќе информации видете: https://www.emcdda.europa.eu/activities/european-web-survey-on-drugs_en.

(3) За повеќе информации видете https://www.emcdda.europa.eu/about/partners/espad_en.

# Клучни наоди

## Двигатели и олеснувачи

▶ Регионот на Западен Балкан се наоѓа на крстосница на неколку рути на трговијата со дрога. Канабис, кокаин, хероин, синтетички дроги и прекурсори се шверцуваат во и од регионот (видете слика 1).

▶ Криминалните мрежи на Западен Балкан сè повеќе ги експлоатираат глобализацијата и инфраструктурата за патување и транспорт поврзана со неа. Ова е најочигледно за кокаинот за кој се чини дека некои мрежи сега се вклучени во целиот синџир на снабдување, од производство во Јужна Америка и увоз во ЕУ до големопродажба и локална дистрибуција. Големата побарувачка за дрога во ЕУ и високиот профит поврзани со снабдување на дргогата се клучни двигатели на овој развој и ги охрабруваат криминалните мрежи на Западен Балкан да се вклучат во многу аспекти на синџирот на снабдување со недозволени дроги.

▶ Криминалните мрежи усвоиле шифрирана комуникација и можат да ги користат интернет-пазарот и

СЛИКА 1

**Главни рути на трговија со дрога на Западен Балкан**




Влезни, излезни и внатрешни рути на Западнен Балкан за билен канабис, кокаин, хероин и синтетички дроги
Извори: EMCDDA и GI-TOC.

криптовалутите за да се обидат да ги избегнат мерките за спроведување на законот. Ова сугерира дека пазарот на дрогата во регионот станува дигитално овозможен и дека технологијата и поврзаните оперативни иновации им се од корист на криминалните мрежи вклучени во производството на дрога, трговија и перење пари.

▶ Внатрешното опкружување во регионот, особено во поглед на корупцијата, исто така, дејствува како олеснувач за зацврстувањето и ширењето на криминалните мрежи на Западен Балкан.

## Политика за дрогите и закон

▶ Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора, Северна Македонија и Србија усвоија документи на политиката за дрогите, кои во голема мера ги следат структурата и содржината на постојните политики и акциски планови на ЕУ.

▶ Се чини дека само Северна Македонија и Србија имаат оперативна опсерваторија за дроги, а само Србија има активен националнен систем за рано предупредување.

▶ Капацитетот за следење дроги во регионот е недоволно развиен. Ова посебно се однесува на многу теми во врска со здравјето, но и показателите на страната на снабдувањето се исто така неадекватни. За да се подобри оваа ситуација, потребно е поголемо уважување на вредностите за собирање информации помеѓу националните учесници, поголема политичка поддршка во активностите за собирање податоци и одржливо вложување во напорите за собирање податоци.

▶ Иако употребата на дрогите сама по себе не е инкриминирана во регионот, поседувањето дрога е кривично дело во Федерацијата Босна и Херцеговина, на Косово и во Србија, додека во Албанија, Црна Гора, Северна Македонија и во остатокот од Босна и Херцеговина тоа е административен прекршок.

## Употреба на дрога, штетни последици и одговори

▶ Се чини дека употребата на дрога во регионот генерално е ниска според меѓународните стандарди, иако значителен проблем е тоа што постојат разлики помеѓу земјите во поглед на моделите на употреба и вклучените супстанции. Употребата на дрогите ја пријавуваат повеќе мажите отколку жените и тој јаз е голем во некои земји. Како што е порано истакнато, ограничувањата на податоците, исто така, спречуваат изработка на точни проценки на преваленцијата на дрогите. Податоците за преваленција кои постојат во регионот, исто така, може да го потценат бројот на вклучените, поради недостаток на подготвеност да се пријави употребата на дроги и поради општествената стигма во врска со употребата на дроги.

▶ Се чини дека високоризични и посебно штетни модели на употреба на дрогите во регионот се поврзани со употреба на хероин и други опиоиди, како што се бупренорфин и метадон. Меѓутоа, во некои земји кокаинот во прав и крек кокаинот, се исто така поврзани со зголемена употреба на дрогите и смртните случаи поврзани со дрогата.

▶ Стапките на ХИВ-инфекцијата помеѓу луѓето во регионот кои  инјектираат дроги се генерално ниски, додека преваленцијата на инфекцијата со хепатитис Ц значително варира помеѓу земјите и стапките се генерално споредливи со оние во ЕУ. Меѓутоа, некои од податоците во оваа област сега се прилично стари и потребни се понатамошни студии за да се сфати дали остануваат применливи на моменталната ситуација.

▶ Повеќе од смртните случаи поврзани со дрога пријавени во регионот биле поврзани со употреба на опиоиди, било хериоин или метадон, понекогаш во комбинација со бензодиазепини. Во некои земји, исто така, бил релативно висок бројот на смртните случаи во кои е откриено присуство на кокаин. Меѓутоа, значителен проблем овде е тоа што оскудноста на податоците ја отежнува веродостојноста за да може со сигурност да се коментира нивото на смртните случаи поврзани со дрога, а во оваа област постои значителна неизвесност.

▶ Службите за намалување на штетните последици работат во сите земји од регионот. Меѓутоа, се чини дека интервенирањето за намалување на штетните последици е, генерално, недоволно за да ги задоволи потребите на земјите и често зависи од меѓународното финанасирање. Во повеќе земји невладините организации играат значителна улога во обезбедувањето намалување на штетните последици и во лечењето со опиоидни агонисти.

▶ Достапното лекување, главно, е конфигурирано да ги задоволи потребите на оние што имаат проблеми со опиодите. Процентот на оние што влегуваат во процес на специјално лекување поради проблеми со други супстанции, генерално, е многу мал. Се смета дека ова, барем делумно, го одразува недостатокот на достапноста на услугите.

## Влијание на пазарот на дрогата и криминалните мрежи врз Западен Балкан и ЕУ

▶ Криминалните мрежи на Западен Балкан имаат значително влијание врз безбедноста, управувањето и владеењето на правото во регионот. Се чини дека некои од овие мрежи се активни и во ЕУ, со учество во производството, трговијата и дистрибуцијата на дрога.

▶ Една од безбедносните закани што придонесува за ова и најмногу загрижува е насилството поврзано со конкуренцијата на пазарот на дрогата и контролата на рутите за трговија. Ова влијае врз нивоата на крвниот деликт како во регионот, така и во ЕУ. На пример, бројни убиства во ЕУ се поврзани со криминалните мрежи на Западен Балкан вмешани во трговијата со кокаин.

▶ Мрежите на организиран криминал од Западен Балкан изгледаат како поликриминални, често ангажирани првенствено во трговијата со дрога, но и во други незаконски активности, вклучувајќи ги и шверцот на оружје, трговијата со луѓе и перењето пари.

▶ Се чини дека некои од овие мрежи го прошириле своето присуство на пазарот на droги во ЕУ. Ова е поврзано со поголема вклученост во синџирот на снабдување со кокаин, кој сега ги вклучува активностите во Латинска Америка, но изгледа дека е поврзано и со учество во производството на канабис во некои земји на ЕУ.

## Канабис

▶ Канабисот е недозволена дрога која најмногу се консумира во регионот и се чини дека неговата употреба е зголемена во последните години, посебно помеѓу младите луѓе.

▶ Вообичаените начини на одгледување канабис во регионот се менуваат и се диверзифицираат. Значително помалку од канабисот се одгледува на отворен простор во Албанија отколку во минатото, додека локациите со големи површини за одгледување канабис во затворен простор се забележани во повеќе земји во регионот.

▶ Постои загриженост дека канабисот произведен за медицински цели може да биде пренасочен кон илегалниот пазар. Производството на канабис за медицинска употреба е легализирано во Северна Македонија, додека за сличен потег се разговара во Албанија.

▶ Некои криминални мрежи од Западен Балкан се чини дека усвоиле нов деловен модел за директно учество во производство на канабис внатре во ЕУ. Забележано е нивно присуство во низа земји на ЕУ, првенствено поврзано со затворени производни погони.

▶ Постојат индиции дека дел од канабисот што е произведен на Западен Балкан се шверцува во Турција, каде што се менува за хероин.

## Кокаин

▶ Врз основа на достапните податоци од истражувањата на општата популација, кокаинот е втора најчесто пријавувана илегална дрога по канабисот, помеѓу возрасната популација на Западен Балкан. Меѓутоа, некои од овие истражувања се застарени и другите облици на употреба на дрогите, посебно постигматизираните облици и супстанции за употреба, како што се опиоидите, може да бидат потценети со овие методи на истражување. Во некои земји, исто така е пријавено инјектирање на кокаинот, самиот или во комбинација со хероин и употреба на крек кокаин.

▶ Запленитe на дрога во последните две години укажуваат на тоа дека значењето на морските пристаништа на Западен Балкан, посебно во Албанија и Црна Гора, забележливо пораснало, иако запленетите количества и натаму се ниски во споредба со оние што се запленети во некои поголеми пристаништа во ЕУ.

▶ Криминалните мрежи од Западен Балкан или со силни врски со овој регион се појавиле како главни играчи на пазарот на кокаинот во ЕУ и се чини дека се вклучени во движењето на дрогата од Латинска Америка директно до европските пристаништа. Се наведува дека тие се сега присутни на клучните локации за извоз и увоз на кокаин во Латинска Америка и ЕУ.

## Хероин и други опиоиди

▶ Хероинот е опиоид што најчесто се користи во регионот, иако метадонот почесто се користи на Косово и Северна Македонија. Во некои земји е пријавен незаконски пазар на пренасочен метадон и бупренорфин.

- Се чини дека регионалните заплени на хероинот, генерално, се стабилни. Повеќе од хероинот минува низ регионот на патот кон ЕУ по копнени или морски патишта.

- Последните години не се забележани значителни промени во трговијата со хероинот. Меѓутоа, прашањето кое предизвикало загриженост и бара понатамошна истрага и следење е феноменот на замена на хероинот за локално произведен билен канабис.

- Дел од анхидридите од оцетната киселина (прекурсорски хемикалии за производство на хероин) што се пренасочени од легалното снабдување во ЕУ поминуваат низ регионот на Западниот Балкан на својот пат до подрачјето за производство на хероин.

## Синтетички дроги

- Амфетаминот е синтетичка дрога која најмногу се запленува и се консумира во регионот, иако сите нивоа на употреба на MDMA (екстази) во некои земји се сега веројатно споредливи.

- Се чини дека пазарите на синтетичките дроги во регионот на Западниот Балкан се многу динамични и се смета дека, главно, се снабдуваат од производството кое се одвива во ЕУ. Меѓутоа, пријавено е и одредено локално производство и овој развој може да претставува значителна закана за иднината.

- Веројатно е дека прекурсорите за производство на синтетички дроги минуваат низ регионот кон ЕУ.

- Се чини дека криминалните мрежи од Западен Балкан се помалку вклучени во трговијата со синтетички дроги во споредба со другите дроги.

## Двигатели и олеснувачи

Постојат неколку клучни двигатели и олеснувачи на регионалниот пазар на Западен Балкан. Овој пазар е сложен, многу приспособлив и иновативен, што е овозможено од факторите како што се: растечка инфраструктура, стратегиска локација на регионот, глобализација и технолошки напредок. Овие фактори доведоа до тоа производството и трговијата со дрога да стануваат сè повеќе интегрирани на регионално и на глобално ниво. Покрај тоа, употребата на интернетот и влијанието на информациско-комуникациските технологии во сите сегменти од општеството дале нови можности за организираниот криминал во низа суштествени области, вклучувајќи логистика, криминална соработка и финансиски текови. Корупцијата, исто така, станала помагач на криминалните мрежи и го подрива управувањето и владеењето на правото.

### Стратегиска географска положба и глобализација

Еден од клучните двигатели на трговијата со дрога на Западен Балкан е неговата локација помеѓу земјите вклучени во производство и снабдување со дрога и земјите со голема побарувачка за дрога, посебно во ЕУ. Како главен центар за претовар за трговија со канабис и хероин, а неодамна и со кокаин, регионот е поврзан со пазарите на ЕУ преку автопатишта, поморски пристаништа, железници и аеродроми. Големите инвестиции од ЕУ и Кина (како дел од иницијативата „Појас и пат“), како и од Турција, Русија и некои заливски држави (како што се Обединетите Арапски Емирати) ја подобруваат инфраструктурата на регионот. Меѓутоа, се чини дека овој развој не наишол на соодветно зголемување на вложувањата во безбедноста и управувањето на границите (GI-TOC, 2022).

Регионот, исто така, е добро поврзан со меѓународните финансиски пазари, но се наведува дека не ги исполнува европските и меѓународните стандарди во некои аспекти на регулирањето на интегритетот на своите финансиски пазари, што го чини да е ранлив на незаконски финансиски текови и на перење пари (Cartwright и Amerhauser, 2022; Reitano и Amerhauser, 2020).

Криминалните мрежи на Западен Балкан, исто така, ги користат глобализацијата и зголемената флексибилност во патувањата и селидбите. Се чини дека некои од овие мрежи се вклучени во целиот синџир на снабдување на трговијата со кокаин, од полиња со кока во Јужна Америка до дистрибуција низ улиците на големите европски градови. Често се чини дека овие мрежи, исто така, блиску соработуваат со други криминални мрежи кои дејствуваат на различни точки во синџирот на снабдување, на пример, со локалните групи вклучени во производството или дистрибуцијата на дрогата. Исто така, забележани се врски со други меѓународно активни криминални мрежи, на пример, помеѓу групи од албанско говорно подрачје и италијански криминални мрежи. Дијаспорите кои се наоѓаат во ЕУ, исто така, ги експлоатираат или регрутираат таквите мрежи за да ги прошират своите криминални активности.

### Побарувачка, понуда и профит

Уште еден двигател на производството и трговијата со дрога во регионот на Западен Балкан е побарувачката за канабис во рамките на регионот, како и во ЕУ и во Турција. На пример, големата побарувачка за билниот канабис во ЕУ можеби придонела некои криминални мрежи на Западен Балкан да се преселат во земјите на ЕУ за да бидат поблиски до овие потрошувачки пазари, каде што изгледа дека сè повеќе се вклучени во основањето и водењето локации за одгледување канабис.

Наводно зголеменото производство на кокаинот во Јужна Америка, исто така, обезбедило нови можности на криминалните мрежи на Западен Балкан да шверцуваат големи количества кокаин директно на Западен Балкан и во Европа. Отстранувањето на посредниците им овозможило на овие мрежи да остварат поголем профит (видете го одделот Кокаин: употреба и снабдување).

Како што криминалните групи од Западен Балкан стануваат се поподвижни, пожестоки и поуспешни, богатството и моќта што ги носи ова создале привлечен профит на кој некои луѓе сакат да се угледаат. Како резултат на тоа, некои млади луѓе (главно младичи) од маргинализираните заедници се во искушение да се вклучат во овие групи. Сето ова повремено е поддржано со музичка и општествена медимуска содржина која ги величи активностите на некои групи, често и идентификувани по етничките линии.

## Технолошкиот развој што ги олеснува криминалните активности

Криминалните мрежи од регионот на Западен Балкан ја прифаќаат најновата технологија како што се сложена опрема за одгледување во затворен простор, употреба на дронови, шифрирани комуникации (Jeremic et al., 2022; Слободна Босна, 2021) и криптовалути (Grauer и Jardine, 2022) за подобрување на ефикасноста на производството на дрогата, трговијата и перењето пари. Префинетите криминални мрежи, исто така, усвоиле употреба на шифрирани комуникации (Europol, 2021b; Politiko, 2022b). Со новиот развој на технологијата, специјалистите утврдиле ризик дека дроновите сè повеќе ќе се користат за транспорт на дрогата во иднина. Ова претставува можна идна закана во смисла на трговија со дрога од Западен Балкан во соседните земји на ЕУ.

Иако тоа не може емпириски да се поткрепи, се наведува дека луѓето кои користат дрога на Западен Балкан сè повеќе користат дигитална технологија за да го олеснат купувањето на дрогата. Ова може да им овозможи на криминалните мрежи да дојдат до поголем број потенцијални купувачи и да создадат поголеми предизвици за заплена од силите за спроведување на законот. Пријавено е дека различни видови дроги се достапни на различни интернет-платформи, вклучувајќи го и даркнетот, но и преку апликации и платформи на социјални медиуми (Biznis & Finansije, 2020). На пример, луѓето може да нарачат канабис и MDMA (екстази) директно преку Инстаграм (CDM, 2019). Интернет-пазарот на дроги можеби станал поважен како извор за снабдување во текот на пандемијата на КОВИД-19, кога ограничувањата на движењето ги попречувале луѓето кои користат дрога директно да комуницираат со дилерите на дрога (EMCDDA, 2021a).

Врз основа на студијата за трансакција на криптовалути на блокчејнот, продавачите на дрогите од Западен Балкан се присутни на даркнет пазарот, но не во иста мера како продавачите од ЕУ (Grauer и Jardine, 2022). Во некои земји во регионот употребата на криптовалути е регулирана. На пример, Северна Македонија го забрани користењето на криптовалутите (Chakraborty, 2021), додека Косово презело законски чекори да го забрани копањето криптовалути поради енергетски интензивната природа на овие активности (Bami, 2022). Во Босна и Херцеговина моментално не постојат прописи кои се однесуваат на користењето криптовалути. Меѓутоа, Централната банка наведе дека за плаќање може да се користи само официјална валута (Vijesti, 2018). Криптовалутите не се регулирани во Црна Гора (Вељовиќ и Вучиниќ, 2022), додека Албанија и Србија ја регулирале нивната употреба (Kalo & Associates, 2020; Gurcan Partners, 2022).

## Внатрешно опкружување

Се чини дека корупцијата ги овозможува производството и трговијата со дрога во регионот (France24, 2019; GI-TOC, 2021b). Иако е тешко да се проценат размерите на проблемот, забележани се неколку случаи на апсење на официјални лица поради овозможување или вмешаност во трговија со дрога, а забележани се и врски помеѓу државните службеници и криминалните групи. На пример, во март 2021 година пријавено е дека неколку полицајци од Босна и Херцеговина работеле како лични телохранители со половина работно време за позната криминална личност. Иако службениците се отпуштени од полицијата, наводно продолжиле со работа за тоа лице (Авдиќ, 2021). Во Србија, врз основа на годишните извештаи од Министерството за внатрешни работи, во периодот од 2017 до 2020 година се поднесени 44 кривични пријави против полициски службеници за кривични дела во врска со опојни дроги (Министерство за внатрешни работи на Србија, 2018, 2019, 2020b, 2021).

Глобалниот индекс на организираниот криминал укажува на тоа дека криминалците сокриени во легалните структури на општеството може да играат важна улога во овозможувањето на илегалната економија и да ја инхибираат отпорноста на организираниот криминал на земјите од Западен Балкан . Според Глобалниот индекс, некои земји од Западен Балкан (како што се Босна и Херцеговина и Србија) имаат едни од највисоките резултати во Европа во поглед на криминалци сокриени во легалните структури на општеството (GI-TOC, 2021b). Индексот, исто така, укажува дека групите во мафијашки стил може да ја користат корупцијата за да уживаат заштита во некои земји од регионот. Вакви услови може да создат опкружување кое овозможува трговија со дрога и други видови организаран криминал (GI-TOC, 2021b).

Уште еден двигател на вклученоста во пазарот на дрогата во регионот може да биде недостатокот на легитимни шанси за вработување, посебно кај маргинализираните заедници. Ова може да наведе одредени луѓе на трговија со дрога и одгледување дрога, а се чини дека овој тренд можеби го влоши КОВИД-19.

## Политика за дрогите и закон

Документите за политиката за дрогите имаат за цел да ги одразуваат приоритетите на националните влади за решавањето на прашањата во врска со дрогата. Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора, Северна Македонија и Србија ги усвоиле посебните документи за политика во врска со дрогите кои, во голема мера, ги следат структурата и содржината на постојните политики и акциските планови на ЕУ – со фокус на намалување на побарувачката на дрога, намалувањето на понудата на дрога и прашањата кои се однесуваат на меѓусекторот како што се следењето и координацијата (исто така видете го полето Национални системи за следење дроги). Во Албанија, релевантните и активните документи за политиката за дрогите ги покриваат само прашањата за дрогата во врска со организираниот криминал. Стратегиите за дрогите во Црна Гора и Србија се технички истечени, но тие продолжуваат да ги насочуваат активностите на националните учесници. Сите земји во регионот со стратегии за специфични дроги ја препознаваат потребата за услугите на намалување на штетните последици. Во својот Национален акциски план за ХИВ/AIDS 2020 – 2025, Албанија, која нема стратегија за дрогите, ја нагласува потребата од намалување на штетните последици специфични за ХИВ.

Прекршоците што произлегуваат од законот за дрогите се обично пропишани со кривичниот законик во поединечни земји на Западен Балкан. Покрај тоа, Црна Гора и Северна Македонија се занимаваат со поседувањето и употребата на дроги во специјализирани закони за контрола на опојни супстанции или спречувањето на употреба на дроги. Употребата на дроги не е забранета, освен на јавни места. Прекршоците врзани за посредување и употреба на дрогите наголемо се разликуваат помеѓу земјите во регионот. Поседувањето помали количества дрога за лична употреба е исклучено од казна во Албанија, додека во Црна Гора и Северна Македонија се третира како административен прекршок, а на Косово и во Србија како кривично дело. Во Босна и Херцеговина, кривичните дела во врска со употребата на дроги и поседувањето помали количества дроги ги регулираат федералните ентитети и реонот Брчко. Во Федерацијата Босна и Херцеговина, поседувањето за лична употреба е кривично дело, додека во Република Српска и реонот Брчко се смета за полесен прекршок.

Во Северна Македонија, каде што медицинската употреба на канабис е легална од 2016 година, неодамна е ажуриран Законот за контролата на опојните дроги и психотропните супстанции, кој дава правна основа за производство на канабис за медицински цели. Меѓутоа, постои загриженост дека производството на медицинскиот канабис во Северна Македонија е цел на криминалните мрежи поради извештајот дека големи количества на медицинскиот канабис можеби ги украле криминалните групи и дека илегалното одгледување понекогаш се одвива среде местото за одгледување канабис за медицински цели (видете го одделот Канабис: употреба, производство и снабдување). Дискусиите за медицинска употреба на канабис моментално се во тек во Албанија, каде што во анкетата за повеќе од 500 000 граѓани, која ја нарачала владата во 2022 година, над 60 % од испитаниците се залагале за легализација на медицинска употреба на канабис (Kote, 2022b).

### Национални системи за следење на дрогите

Додека националните документи и стратегиите за дрогите на Западен Балкан предвидуваат функционирање на системот за следење на дрогите или барем подобрувања на некои нивни компоненти, само Северна Македонија и Србија моментално имаат оперативна опсерваторија за дроги, а само Србија има оперативен национален систем за рано предупредување. Сè на сè, постојат значителни недостатоци во следењето на дрогите и во одговорите кои се достапни за решавање на проблемот со дрогите (погледнете го, исто така, одделот Одговори на употреба на дроги и штетни последици). Во повеќе земји на Западен Балкан и понатаму е потребен посистематичен и покоординиран пристап за изградба на национални информациски системи за дроги, вклучувајќи и усогласување со стандардите на ЕУ.

# Употреба на дроги, штетни последици и одговори

## Употреба на дроги на Западен Балкан

Точната процена на трендовите во преваленцијата на дрогите во регионот е отежната поради недостаток на релевантни и нови студии. Меѓутоа, врз основа на достапните истражувања на општата популација и анкетите помеѓу децата на училишна возраст, процентот на оние што пријавуваат каква било употреба на дроги на Западен Балкан е, генерално, низок во споредба со сличните показатели во земјите членки на ЕУ. Меѓутоа, се чини дека постојат разлики помеѓу земјите во поглед на моделите на употреба на супстанци и старосните групи. На пример, резултатите од истражувањата за употреба на канабисот се генерално споредливи со она што би се сметало за ниска преваленција во земјите на ЕУ, од кои некои се граничат со Западен Балкан (како што се Бугарија, Романија и Грција). Поради споредба, проценетата употреба на кокаинот помеѓу младите возрасни лица (на возраст од 15 до 34 години) во Албанија во 2014 и во Северна Македонија во 2017 година била поголема од просекот на ЕУ во 2020 година (EMCDDA, 2022). Некои од достапните податоци од истражувањата сега се прилично стари и, генерално, секогаш треба да се земе предвид степенот на пристрасност на одговорите и недавањето одговори кога се прегледуваат наодите од истражувањата и се прават споредби помеѓу земјите. Фактот дека трендовите во употребата на дрогите може прилично брзо да се променат дополнително ја нагласува потребата од нови студии, спроведени со користење на робусни методи за да се обезбеди подобро разбирање на развојот на моделите на консумирање на дрогите во регионот.

Сè на сè, податоците укажуваат дека канабисот и понатаму е најчесто користена илегална дрога во регионот, а потоа кокаинот. Практичарите приметиле дека овие две дроги се користат повеќе иако, како што е порано наведено, емпириски заснованите анализи на трендовите моментално не се можни поради недостаток на достапни податоци. Употребата на канабисот претежно се среќава помеѓу млади луѓе, а се чини дека кокаинот почесто го користи урбаната средна класа, како и дека се користи во одморалиштата насекаде во регионот. Покрај тоа, смртни случаи поврзани со кокаин се пријавени во Албанија и Северна Македонија, додека во неколку земји, исто така, е забележано инјектирање на кокаинот и употреба на крек кокаинот помеѓу маргинализираните групи.

Се чини дека високоризичните, долгорочните и хронични проблеми со дрогите во регионот, главно, се поврзани со хероинот и другите опиоиди како што се бупренорфин и метадон иако во некои земји, како што е порано наведено, познато е дека кокаинот и крек кокаинот ги користат одредени ранливи групи луѓе. Понови проценки за бројот на корисници на опиоиди или дроги кои се инјектираат недостасуваат во голема мера. Покрај тоа, податоците за лекување, кои би можеле да обезбедат уште еден поглед на овие однесувања, се прелиминарни по нивната природа и моментално се достапни само за 2019 година и 2020 година. Бидејќи пандемијата на КОВИД-19 влијаеше врз барањето и обезбедувањето лекување во 2020 година, со тоа се оневозможува секоја проценка на основните трендови.

Достапните информации за моделите на употреба на синтетичките дроги укажуваат дека ситуацијата во регионот е прилично хетерогена. На пример, проценките за употребата на MDMA (екстази) и на амфетамин во Црна Гора и Северна Македонија помеѓу возрасните се дека таа е поголема од просекот во ЕУ, но тоа не е случај на друго место. Слично со тоа, податоците од Европското училишно истражување за алкохолот и другите дроги (ESPAD) укажуваат на нивоата на употреба на амфетамин слични или поголеми од просекот на ЕУ помеѓу адолесцентите во Црна Гора и Србија. Достапните податоци, исто така, сугерираат дека употребата на новите психоактивни супстанции (НПС) не е вообичаена иако овде е важно предупредувањето дека овој заклучок е заснован на ограничени податоци. Дури, мислењето на специјалистите укажува дека употребата на синтетички канабиноиди во Србија може да биде во пораст. Општиот проблем е тоа што специјалистите интервјуирани за оваа студија согледале низа нови и потенцијално важни трендови во употребата на дроги кои не можеле да бидат емпириски поткрепени поради недостаток на студии. Затоа овие квалитативни извештаи мора да се следат во идните квалитативни истражувања или мониторинг.

Потенцијален проблем во проценката на употребата на дроги во регионот е неволноста да се признаат однесувањата кои се многу стигматизирани и кои, генерално, не се одобруваат, што доведува до пристрасност со недавање одговор или давање лажни одговори (видете го полето Стигма и ставовите кон употребата на дроги). Ова прашање не е единствено за Западен Балкан, но може да има важни импликации за толкувањето како врз моменталните, така и врз идните проценки на преваленцијата и дизајнот на идните студии.

## Стигма и ставови кон употребата на дрогите

Општествената стигма поврзана со употребата на дрогите насочена кон оние што користат дрога е вообичаена на Западен Балкан. Во националните репрезентативни анкети на возрасната популација, спроведени помеѓу 2014 и 2018 година, повеќето испитаници изразиле несогласување со употребата на дрогите и имало широко распространета перцепција дека луѓето кои користат некакви супстанции се криминалци. Меѓутоа, мислењето на специјалистите и некои податоци укажуваат дека овие ставови сега можеби се менуваат, барем во поглед на рекреативната употреба на дрогите. Постојат некои индиции дека канабисот и некои облици на употреба на кокаинот стануваат општествено прифатливи. Меѓутоа, се чини дека нивото на општествената стигма останува високо во поглед на употребата на дрогите помеѓу маргинализираните или исклучените групи, на оние што имаат проблеми и бараат помош и на оние што користат опиоиди или инјектираат дрога.

Мислењето на специјалистите, исто така, опишува дека употребата на дрогата е величена во општествените медиуми и од страна на познати личности и дека често се поврзува со „збогатувањето“ и насилството како начин на живот. Профилите на социјалните мрежи на неколку познати криминалци или на луѓето блиску поврзани со криминалните мрежи во Босна и Херцеговина привлекле повеќе од половина милион следбеници.

Стапките на недоволно пријавување, исто така, може да варираат во зависност од важните демографски варијабли како што е полот. Генерално, во анкетите спроведени на Западен Балкан се чини дека мажите се поподготвени од жените да пријават дека употребуваат дроги, додека во некои земји, како што е Босна и Херцеговина, се чини дека разликите во нивоата на пријавувањето се акутни, на друго место во регионот (на пример, во Црна Гора и Србија) пријавената преваленција на употребата на дроги која ја пријавиле жените е само малку пониска од онаа што се среќава помеѓу мажите. Исто така, жените ретко се вбројуваат помеѓу лицата кои стапуваат во процес на лекување или помеѓу клиентите на услуги за намалување на штетните последици, што може да биде поврзано со стигмата и недостатокот на услуги специфични за жените наместо да одразува севкупна потреба од услуги за жени кои користат дроги. На пример, дури и во Црна Гора, каде што истражувањата покажуваат дека разликите во употребата на дрогите помеѓу мажите и жените е помалку изразена во споредба со другите земји во регионот, ниту една не учествувала во биобихевиористичкото истражување помеѓу луѓето кои инјектираат дрога, а кое ги регрутирало учесниците преку локалната програма за намалување на штетните последици. Додека родовите разлики може, и речиси сигурно е така, да постојат во поглед на моделите на употреба на дрогите, тие можат да бидат нагласени со проблемите на недоволно пријавување. Затоа, во овој последен пример веројатно дека стигмата може да дејствува како пречка за жените и во смисла на пристапот до услугите и ангажирањето во истражувачките студии и не може да се претпостави дека резултатите неминовно имплицираат дека нема или дека е многу мал бројот на жените што користат дроги во Црна Гора.

## КОВИД-19 и достапност на дрогите

Слично со наодите од ЕУ, се чини дека влијанието на КОВИД-19 врз употребата и достапноста на дрогите било најсилно поврзано со супстанциите кои обично се купуваат и се користат на места за ноќен живот, а кои не биле достапни во текот на периодот на социјално дистанцирање и затворање (EMCDDA , 2021b). Стручното мислење укажува дека релативната стабилност на деловите од пазарот на дрога во текот на пандемијата може да се објасни со постоењето на кратки патишта за снабдување со канабис и потенцијално големи залихи на кокаин и хероин или непрекинливи синџири на снабдување. Исто така, се чини дека интернет-пазарите станале поважен извор на снабдување во текот на пандемијата на КОВИД-19, кога ограничувањата ги спречувале луѓето кои користат дрога да комуницираат со дилери на вообичаен начин (EMCDDA, 2021a).

СЛИКА 2

**Утврдена достапност на droги во студијата ESPAD 2019: ученици од 15 до 16 години одговараат дека супстанцијата е „прилично лесно“ или „многу лесно“ да се набави**




Извор: ESPAD, 2021

## Перцепција за достапноста на дрогите

Специјалистите известиле дека повеќето недозволени дроги се лесно достапни во регионот, посебно во големите градови (видете го полето КОВИД-19 и достапност на дроги). Достапни се некои квантитативни податоци во врска со перцепцијата за достапност на супстанциите од студијата ESPAD од 2019 година за ученици од 15 до 16 години (ESPAD, 2021), кое вклучило четири земји од Западен Балкан. Резултатите на овие земји може да се споредат со резултатите на сите земји кои учествувале во студијата ESPAD (видете слика 2). На пример, во споредба со просекот пријавен во сите земји кои учествувале во студијата, поголем процент на ученици во Црна Гора и Србија навеле дека кокаинот и синтетичките стимуланси се прилично или многу лесно достапни.

## Штетни последици

Секоја земја во регионот има некоја локална или национална проценка на популацијата која има високоризични модели на употреба на дроги, како што се употреба на опиоиди и инјектирање. Меѓутоа, податоците во многи случаи сега се многу стари и важните методолошки и контекстуални информации често не се достапни. Затоа, информациите достапни во оваа област е тешко да се проценат или да се користат како основа за споредба.

Податоците за смртните случаи поврзани со дрога се достапни за Албанија, Косово, Северна Македонија и Србија. Во сите четири земји, опиоидите се присутни во повеќе забележани смртни случаи поврзани со дрогата, иако во Северна Македонија и Албанија смртните случаи поврзани со кокаинот, исто така, пропорционално релативно се чести помеѓу сите супстанции во така забележаните смртни случаи. Опиоидите често се наоѓаат во комбинација со други супстанции – обично со алкохол, бензодиазепини или други опиоиди. Меѓутоа, потребно е внимание при толкувањето на овие податоци бидејќи стапката на обдукциите во регионот е ниска, технолошките испитувања не може секогаш да се спроведат, а покриеноста на изворите на податоците често е нецелосна.

Земјите во регионот пријавуваат релативно ниски стапки на ХИВ помеѓу луѓето кои ја инјектираат дрогата иако достапните податоци се ограничени и често се стари. Проценките на преваленцијата на антитела на вирусот хепатитис Ц (ХЦВ) помеѓу луѓето кои инјектират дрога се движат од 24 % на Косово до 79 % во Северна Македонија – нивоа кои во голема мера би биле споредливи со оние во ЕУ (од 13 % до 86 % во државите членки во 2020 година; EMCDDA, 2022).

## Одговори на употреба на дроги и штетни последици

### Превенција

Превенцијата е експлицитна приоритетна област во националните документи за политиката за дроги во сите земји на Западен Балкан во кои постојат тие. Иако националните системи за превенција се разликуваат, вообичаено се согледува фокусот на овозможување превентивни иницијативи во образовните опкружувања. Пристапите кои се користат во овие опкружувања вклучуваат програми ориентирани кон развојот на вештините со одредени докази за ефикасност; кампањи за подигнување на свеста што ги спроведуваат организациите за спроведување на законот; и посебни предавања во рамките на предметот како што е биологија. Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора и Србија имаат најмалку еден специјалист обучен за Европскиот превенциски курикулум (EUPC) што дава насоки за оние програми за кои се покажало дека се поврзани со исходите. Босна и Херцеговина ги превела EUPC-насоките и почнала со обуката низ целата земја. Србија сега има систем за акредитација за превентивни програми, а Северна Македонија планира да ги примени меѓународните насоки во наредните години.

### Намалување на штетните последици

Националните системи за следење се подобро опремени за следење на ХИВ-инфекцијата отколку на ХЦВ-инфекцијата, со дијагностичко тестирање кое често е рутински достапно за ХИВ-инфекцијата, но не и за ХЦВ. Што се однесува на лекувањето, антивирусните лекарства со директно дејство, многу ефикасен третман за ХЦВ, се достапни во сите земји на регионот, освен во Северна Македонија иако ограничувањата или пречките за нивната употреба се пријавени во Албанија, Косово, Црна Гора и Србија (Maticic et al., 2020; WHO, 2019).

Услугите за намалување на штетните последици се достапни во сите земји на регионот, но нивоата на достапност на услугите се разликуваат од земја до земја. Таму каде што се услугите достапни, тие обично даваат игли и шприцови, советување, тестирање за некои заразни болести, социјална поддршка и други здравствени мерки и мерки за поддршка. Со исклучок на Србија, каде што со давањето на услугите раководи Заводот за јавно здравје, обезбедувањето намалени штетни последици во голема мера го овозможуваат невладини организации. Обемот, достапноста и географската дистрибуција на услугите варираат од земја до земја и изгледа дека во голема мера зависат од достапноста на буџетските средства. Давањето на овие услуги во регионот историски било нестабилно и зависело од поддршката на меѓународните донатори. Неодамнешните промени во подобноста за финансирање и последователното повлекување од финансирањето за проектот на Глобалниот фонд во некои земји во регионот, ја дестабилизирале ситуацијата на невладините организации ангажирани за давање на овие услуги (EMCDDA, 2021b; Shaw, 2022). Во Северна Македонија и Србија, националните влади сега ги финансираат програмите за намалување на штетните последици од своите државни буџети.

Неодамнешната проценка на ситуацијата укажува дека услугите за намалување на штетните последици не се доволни за да се задоволат можните нивоа на потребите во некои земји, посебно во Албанија и Босна и Херцеговина (Shaw, 2022). На пример, целта на Светската здравствена организација (СЗО) за дистрибуција на шприцови за 2020 година била да обезбеди покриеност од 200 стерилни шприцови за секое лице кое инјектира дрога (СЗО, 2017). Проценетата покриеност со програмите за игли и шприцови се движи од 6 стерилни шприцови годишно по лице кое инјектира дрога во Србија до 74 во Црна Гора (UNAIDS, 2022), Се проценува дека покриеноста во Босна и Херцеговина во 2016 година достигнала 142 шприцови по лице кое инјектира дрога, оваа бројка ја претставува ситуацијата пред значителното намалување на услугите за намалување на штетните последици и понови податоци не се достапни (Shaw, 2022).

### Лекување

Модалитетите за лечење во земјите од регионот вклучуваат детоксикација, болничка нега и амбулантно лекување. Лекувањето со опиоидни агонисти ([4]) со метадон и бупренорфин е достапно во сите земји. Проценките за покриеноста со опиоидните агонисти се достапни за четири земји во регионот и се движат од 11 % од луѓето кои користат опиоиди во Албанија и Босна и Херцеговина до 31 % во Северна Македонија (UNAIDS, 2022). Иако овие бројки покажуваат дека покриеноста е под препорачаната цел на СЗО за 2020 година од 40 % (WHO, 2017), не е јасно како се пресметани стапките на покриеноста и треба да се биде внимателен во поглед на веродостојноста на достапните проценки.

([4]) „Лекување со опиоидни агонисти“ овде се користи како посакуван термин за прикривање низа третмани кои вклучуваат препишување опиоидни агонисти за лекување зависност од опијати. Читателот треба да биде свесен дека овој термин вклучува супституциска терапија со опијати, која сè уште може да се користи во некои од EMCDDA-алатките за собирање податоци и историски документи.

Постојните информации укажуваат дека обезбедувањето лекување е нерамномерно распоредено географски внатре во регионот, со најголема покриеност во главните градови. Во Албанија, на пример, клиентите мора да патуваат во Тирана за кој било третман, освен за метадонска терапија. Во Северна Македонија, руралните делови на земјата имаат само ограничен пристап до лекувањето со опиоидни агонисти иако се постигнати подобрувања во текот на пандемијата на КОВИД-19.

Додека програмите за намалување на штетните последици се спроведуваат од невладините организации, лекувањето од дроги, главно, го овозможуваат јавните здравствени установи иако постојат некои исклучоци од наведеното. На пример, на Косово, лекувањето од дрога, главно, го обезбедува НВО „Лавиринт", додека во Албанија единствено НВО „Аксион Плус" обезбедува лекување со метадон. Трошоците за лекување од дрога обично ги покриваат националните планови на здравственото осигурување. Приватни центри за лекување, тераписки заедници и програми водени од верски заедници исто така постојат, но моментално овие обезбедувачи обично не учествуваат во националното известување и затоа информациите за клиентите кои ги посетуваат или за услугите кои ги нудат се ограничени.

Корисниците на опиоиди претставуваат мнозинство од клиентите кои ги посетуваат центрите за лекување во регионот иако тоа во голема мера може да се определи со фактот дека тоа е главен третман што се нуди во центрите кои учествуваат во пријавувањето. Бројот на клиентите кои стапуваат во процесот на лекување од други дроги е, генерално, мал иако некои центри (на пример, Универзитетската болница „Мајка Тереза" во Тирана или „Лавиринт" на Косово) известуваат за значителен број корисници на кокаин помеѓу своите клиенти. Специјалистите известиле за општ недостаток на опции за лекување на корисниците кои не користат опиоиди, за неадекватни ресурси за психосоцијална поддршка и за недоволни или непостојни програми фокусирани на општествена реинтеграција за оние што ги напуштаат центрите за грижа.

Интервјуата со практичари покажале дека определен број поимотни луѓе кои барат лекување од дрога може да барат опции и во други земји, што може да биде поврзано со проблемите во врска со стигмата или услугите што се нудат на локално ниво.

# Влијание на пазарот на дрога врз Западен Балкан

Регионот е важно подрачје за меѓународните текови на дрогата. Криминалните мрежи на Западниот Балкан вклучени во активности на трговија со дрога имаат значително влијание врз прашањата кои се однесуваат на безбедноста, управувањето, економијата и владеењето на правото во регионот и придонесуваат за криминалот во земјите на ЕУ во кои се оперативно присутни.

## Безбедност

Дрогата на Западен Балкан влегува низ повеќе различни рути од кои секоја е поврзана со одредени предизвици за безбедност и спроведување на законот. Кокаинот и хероинот, на пример, се внесуваат преку јадранските пристаништа, за кои се чини дека станале позначителни за криминалните мрежи, посебно оние што имаат седиште во земјите на Западен Балкан без излез на море. Ова, исто така, можело да влијае врз безбедносната ситуација во градовите во близина на овие пристаништа (на пр., пристаништето во Драч, Албанија и пристаништето во Бар, Црна Гора) бидејќи низа криминални активности се вкоренуваат на овие локации за да се поддржи увозот на пратки со дрога, како што се корупцијата и работите во врска со складирање, транспорт и перење пари.

Акутна безбедносна закана во врска со дрогата на Западен Балкан е насилството поврзано со борбата за пазарите на дрога и рутите за трговија или кое произлегува од споровите помеѓу ривалските криминални мрежи (EMCDDA и Europol, 2022; Lala, 2021; OCCRP, 2020 – видете го, исто така, полето Врска помеѓу фудбалското хулиганство и незаконски активности).

Постојат и извештаи за членовите на меѓународни криминални мрежи кои дејствуваат на Западен Балкан или соработуваат со криминалните мрежи во регионот. На пример, се наведува дека членовите на италијанските и турските криминални мрежи ја избегнуваат правдата со лоцирање на Западен Балкан, додека се смета дека руските криминални мрежи се вклучени во активности на перење пари на крајбрежјето на регионот (Duvar, 2021; Jeremic et al., 2021; Kajosevic, 2021). Постојат и некои извештаи за врски со криминалните мрежи со седиште во Латинска Америка.

**Врски помеѓу фудбалското хулиганство и незаконски активности**

Во февруари 2021 година, српските власти го уапсиле водачот на групата на фудбалските хулигани „Јаничари“, кој бил во врска со црногорската мрежа за трговија со дрога, со приватните работници од обезбедувањето и со низа високи официјални лица (Драгојло, 2021). Неодамнешните студии за фудбалското хулиганство на Западен Балкан сугерираат дека некои групи во Србија, а во помала мера во Босна и Херцеговина и Северна Македонија, биле вмешани во дистрибуцијата и продажбата на дрога. Овие групи ги експлоатираат младите членови и ги поттикнуваат да се вклучат во активности на пазарот на дрога. Исто така, се наведува дека истите групи се користени за предизвикување нереди од името на некои политичари и дека се вмешани во трговијата со оружје, грабежи и изнуди (Djordjevic и Scaturro, 2022, 2022).

## Управување и владеење на правото

Се известува дека криминалните мрежи кои дејствуваат на места со слаба управа по рутите на шверцот во регионот развиле врски со некои локални претпријатија и

**Симбиоза помеѓу криминалните мрежи и корупција на високо ниво**

Во некои места во регионот се наведува дека постои симбиозен однос помеѓу криминалните мрежи и елитите, на високо ниво, што доведува до корупција. Тоа може да вклучува овозможување првенство во пристапот до договорите за јавни набавки, што го подрива принципот на еднакви услови, ги одвраќа потенцијалните инвеститори и ги пренасочува јавните ресурси до криминалните организации, со што се попречува развојот (Zvekic и Roksandic, 2021). Пријавено е дека во некои случаи големите трговци со дрога може да избегнат кривично гонење или таму каде што се донесени успешни пресуди, пресудите се наводно поништени (Zvekic и Roksandic, 2021).

претставници (GI-TOC, 2019). Таму каде што постојат таквите сојузи, тие претставуваат постојана закана за безбедноста и доброто управување (видете го полето Симбиоза помеѓу криминалните мрежи и корупција на високо ниво).

Исто така, постојат индиции дека профитот остварен од трговијата со дрога се користи за подривање на владеењето на правото во регионот (видете го и полето Перење на приходи стекнати од кривични дела во врска со дрога). На некои места се наведува дека ова го создало кругот во кој парите од дрогата ја овозможуваат заштитата, а заштитата ги овозможува и одржува незаконските активности. Исто така, се наведува дека криминалните мрежи вклучени во трговијата со дрога им се заканувале, ги поткупувале или ги уценувале високите претставници (Reitano и Amerhauser, 2020). Во јули 2021 година, во контекст на двегодишната меѓународна опсервација која ја водела Италија, во Албанија обвинителот и двајца полицајци биле помеѓу 38 лица притворени поради кривични дела во врска со дрога, корупција, злоупотреба на положбата и перење пари (Euronews, 2021).

## Социјална економија и ранливост

Определени места, лоцирани по должината на рутата на криумчарење во регионот, која ја карактеризира социјално – економската ранливост и слаба управа, станале привлечни мети за активности на криминалните мрежи. Во овие подрачја, младите и невработените луѓе може да ги привлече можност да заработат значителна сума пари од вмешаност во трговијата со дрога, посебно каде што нема алтернативни можности за вработување. Оттука, во некои неразвиени заедници, овие фактори можеби создале група млади луѓе кои се ранливи од учеството во криминалните мрежи, било дома или во странство.

Во некои заедници, локалните стопанства, исто така, станале зависни од приходите добиени од одгледување канабис. Големата акција за сузбивање на одгледувањето канабис во Албанија од 2016 година можеби придонесол за зголемување на миграцијата во другите делови на земјата и во странство бидејќи недостатокот на алтернативните извори на приходи ја влошил состојбата.

### Перење приходи стекнати со кривични дела во врска со дрогата

Се известува дека приходот од трговијата со дрога е прикриен и перен на Западен Балкан низ градежништво и недвижности, обложувалници и работи за кои треба многу пари. Перењето пари засновано на имот, потенцијално користејќи ги приходите стекнати со трговијата на дрога, можеби придонесло за зголемување на цените на недвижностите во бројни области, како што се Белград, Тирана и по крајбрежјето на Јадран, иако големината на ова зголемување е тешко да се процени. Се известува дека многу згради остануваат празни по завршувањето, што потенцијално укажува на перење пари. Во Црна Гора, криминалните мрежи Кавач и Шкаљари наводно поседуваат имот вреден повеќе од 27 милиони евра (CDM, 2017).

## Улогата и влијанието на криминалните мрежи на Западниот Балкан врз пазарот на дрога во ЕУ

Криминалните мрежи од Западен Балкан се активни и во ЕУ, која претставува доходен пазар на дрогата во непосредна географска близина (слика 3). Нивните активности во ЕУ, исто така, биле потпомогнати од значителната дијаспора од регионот, обезбедувајќи група поединци кои може да се експлоатираат или да се регрутираат во нивните мрежи.

Се чини дека криминалните мрежи од Западен Балкан станале активни во ЕУ во 1990-тите, поради војната и нестабилноста во регионот. Криминалците од Западен Балкан биле насочени кон местата каде што постои голема дијаспора; на пример, пријавено е дека македонска криминална мрежа позната како „Франкфуртска мафија“ е вмешана во шверцот на хероин од Западен Балкан во Франкфурт и Виена (Kemp, 2020a; Marusic, 2013). Пријавено е и присуство на криминалците од Албанија и бивша Југославија во Словачка (Холоцова и др., 2019), додека членовите на мрежата познати како „Југомафија“ дејствувале како извршители и трговци со дрога во Холандија и Шведска (GI-TOC , 2020; Kemp, 2020a). За овие мрежи исто така е пријавено дека се вклучени во други незаконски активности кои не се однесуваат на дрога, како што е

СЛИКА 3
**Избрани настани во врска со трговијата со дрога во земјите на ЕУ од организираните криминални мрежи на Западниот Балкан**




Извори: EMCDDA и GI-TOC

шверц на оружје и цигари во Италија во 1990-тите, но ги прошириле своите активности и на други области во последните три децении. Интервјуата со специјалистите и другите извори укажуваат на тоа дека овие мрежи се сега клучни играчи на пазарите на дроги во ЕУ, бидејќи своето портфолио со хероинот и канабисот го прошириле на кокаинот и, во помала мера, на синтетичките дроги (Kemp, 2020a).

Моменталната ситуација е таква што низа извори укажуваат на тоа дека криминалните мрежи од Босна и Херцеговина, Црна Гора и Србија се вмешани во широк спектар на криминални активности, вклучувајќи кражба на автомобили и друга луксузна стока, додека групите од Албанија наводно ги бие глас за кражба на луксузен имот и автомобили во Западна Европа (GI-TOC, 2021a). Исто така постојат индиции дека албанските криминални мрежи неодамна биле вмешани во голема трговија со дрога, како и дека имаат блиски соработнички врски со италијанска мафија „Ndrangheta". Во ноември 2021 година, во Италија бил уапсен Албанец откако во камионот што го возел биле пронајдени 467 килограми кокаин (Lider, 2021).

## Трговија со кокаин: пресвртница за криминалните мрежи на Западниот Балкан

Се чини дека вмешаноста во трговијата со кокаин била пресудна за мрежите на Западниот Балкан, што довело до тоа да тие се клучни играчи на пазарот на дрогата на ЕУ. Овие групи постепено го зголемувале своето учество во трговијата со кокаин и сега постојат докази дека ги оркестрираат операциите на шверцот од Латинска Америка директно во европските пристаништа (EMCDDA и Europol, 2022). Некои од овие мрежи, исто така, станале истакнати актери во малопродажната дистрибуција во ЕУ (видете го и одделот Кокаин: употреба и снабдување).

Иако се чини дека нивното учество во трговијата со кокаин во последно време пораснало, криминалните мрежи на Западниот Балкан повеќе од една деценија имале оперативно присуство во Белгија и Холандија, кои ги користеле како главни центри за увоз и дистрибуција на дрогата – посебно кокаинот. Изборот на овие две земји веројатно е последица на централните улоги кое пристаништата Антверпен и Ротердам сега ја имаат во увозот на дроги во ЕУ. Во декември 2020 година, две водечки личности од една албанска мрежа се уапсени во Белгија поради својата улога во носењето кокаин во Европа од Јужна Америка (News24, 2020); во другиот случај во 2018. година, во Холандија и Белгија се уапсени двајца државјани на Србија, со 1,7 милиони евра за кои има сомневање дека се стекнати од трговија со дрога (Pavlovic, 2018). Во април 2019 година, холандската влада побарала од ЕУ да го суспендира безвизниот режим за Албанците наведувајќи ги растечката закана на криминалните мрежи од Западен Балкан и нивната значителна улога во снабдувањето со кокаин, перењето пари и трговијата со луѓе (Schengenvisa News, 2019; Todd, 2019).

Додека се чини дека Белгија и Холандија се централи во операциите на овие криминални мрежи, групите на Западен Балкан сега се исто така значителни актери на пазарите на кокаин, хероин и канабис во другите земји во Европа, како што се Германија, Италија, Шпанија, Швајцарија (Swissinfo.ch, 2019a, 2019b) и Обединетото Кралство. На пример, клановите Шкаљари и Кавач од Црна Гора биле активни во шверцот на кокаин низ Шпанија најмалку од 2014 година, кога, според Кемп (2020b), пратката со дрога која исчезнала во Валенсија резултирала со насилство помеѓу двете криминални мрежи. Германските власти, исто така, навестиле дека постои врска помеѓу криминалните мрежи на Западен Балкан и порастот на заплената на кокаин забележан во германското пристаниште Хамбург (БКА 2021).

Постојат некои докази дека криминалните групи на Западен Балкан продолжиле со шверц на кокаин во пристаништата на ЕУ на почетокот на пандемијата на КОВИД-19. На пример, на почетокот на мај 2020 година се запленети 500 килограми кокаин на брод со црногорска регистрација што пловел од Бразил преку Обединетото Кралство до пристаништето во Хамбург (EMCDDA, 2021a; Hakirevic, 2020).

## Развој на вмешаноста на криминалните мрежи во производството на канабис

Се известува дека криминалните мрежи од Западен Балкан, исто така, го зголемиле своето учество во производството на канабис во ЕУ во последните 6 години, посебно во врска со интензивното одгледување во затворен простор. Пример за тоа може да се види во Шпанија, каде што во октомври 2016 година биле уапсени 19 осомничени, главно со српско потекло и биле демонтирани 6 затворени места за одгледување канабис со заплена од 50 690 евра (Europol, 2016). Се шпекулира дека мерките за намалување на одгледувањето канабис на отворено во Албанија довеле до тоа криминалните мрежи да ги преориентираат своите активности на затворени места за интензивно

одгледување и, со време, ги прошириле на други локации поблиску до големите потрошувачки пазари во ЕУ (Мејдини, 2021.) Овој развој се согледува во бројни неодамнешни меѓународни заеднички истраги спроведени во ЕУ против криминалните мрежи на Западен Балкан, главно групи од албанското говорно подрачје и српски групи (видете го, исто така, одделот Канабис: употреба, производство и снабдување).

## Репутација на насилници

Може да се утврди дека дел од причините поради кои криминалните мрежи од Западен Балкан се зацврстиле во меѓународните активности на трговија со дрога, како во конкуренцијата така и во соработката со другите актери, е употребата на насилство (видете ја, исто така слика 3). Овие групи се посебно подготвени да користат насилство како стратегиско орудие за да го потврдат својот авторитет врз другите групи или поединци вклучени во пазарот на дрогата (Kemp, 2020b).

На пример, во Албанија имало неколку престрелки поврзани со натпреварување околу дистрибуцијата на дрога или со несогласувања помеѓу криминалните мрежи кои понекогаш потекнуваат од конфликтите поврзани со активностите на пазарот на дрога во земјите на ЕУ или некаде на друго место (EMCDDA и Europol, 2022; Lala, 2021; OCCRP, 2020). Пример за склоностите на некои криминални мрежи на Западниот Балкан да користат насилство се гледа во неодамнешните истраги за платформата за шифрирана комуникација, Sky ECC, со која беше откриено дека во Белград во 2020 година се случувале и чинови на мачење (Piel и Saintourens, 2022).

Последните години во ЕУ, исто така, се пријавени бројни убиства поврзани со трговијата на кокаин и криминалните мрежи на Западен Балкан. На распространетата вклученост на овие групи во европскиот пазар на кокаинот укажуваат и фактите дека убиствата се забележани во градовите како Виена (Amerhauser, 2019), Амстердам (Avdic. 2019), Атина (Kajosevic, 2020), Рим (De Risi, 2020), Малага и Берлин (Kemp, 2020b). Покрај тоа, помеѓу 2018 и 2020 година имало најмалку девет убиства и два обида за убиство во Јужна Африка (околу Јоханесбург), во кои биле вмешани Срби кои биле во криминалните мрежи или паравоени организации (Kemp, 2020a).

Поголем дел од овие насилства се случуваат помеѓу групи вклучени во криминални активности. Внатре во ЕУ, криминалните мрежи на Западен Балкан се обидуваат да се држат прикриени и се обидуваат да избегнат привлекување на вниманието врз своите активности преку јавно пријавените чинови на насилството. Сепак, се чини дека одржуваат значителен капацитет во оваа област и, наводно, имаат пристап до широк арсенал на оружје, во распон од пиштоли и автоматски пушки до снајперски пушки и бомби на далечинско управување (OCCRP, 2020; Politiko, 2022a).

## Користење на земјите на ЕУ за транзит и криење

Некои земји се наоѓаат на рутите на шверцот кои поминуваат низ Западен Балкан пред повторното влегување во ЕУ. Тоа значи дека тековите на трговијата може да бидат сложени. На пример, воспоставени се главни рути на трговија со хероинот и кокаинот преку Бугарија, Хрватска, Грција и Романија, при што дрогата влегува на Западен Балкан за локална дистрибуција, но и за претовар во другите земји – вклучувајќи ги и земјите во ЕУ.

Иако криминалните мрежи од Западен Балкан, главно, се вклучени во увозот на кокаин преку големите пристаништа на ЕУ, забележан е пораст на трговијата со кокаин преку пристаништата во Албанија и Црна Гора, како и во некои земји на ЕУ, како што е Романија (Rudic, 2019). Тоа укажува дека овие мрежи ги прошириле своите тактики за шверц на дрога на пазарот на ЕУ, што би можело да претставува значителна закана во иднина, посебно во контекст на поголемо вложување во мерките за забрана во познатите големи влезни пристаништа за трговија со дрога во ЕУ.

Земјите на ЕУ, исто така, играат значителна улога за криминалните мрежи на Западен Балкан, посебно како место за криење на криминалците, било од дофат на органите за спроведување на законот или од вниманието на други криминални групи со кои имаат спорови. На пример, неофицијалните информации укажуваат дека градовите со бањи во земјите на ЕУ, географски блиску до Западен Балкан, станале популарни дестинации за одмор и закрепнување на криминалците од регионот.

Трговијата со дрогата, особено кон или внатре во ЕУ, од страна на криминалците од Западен Балкан, е овозможена исто така со користење лажни или украдени идентификациски документи. Како што рекол еден од офицерите на шпанската цивилна гарда, „Една од големите тешкотии во пронаоѓањето на бегалците од земјите на бивша Југославија е токму леснотијата со

која може да дојдат до лажни документи“ (Ortega Dolz, 2020). Заедно со дрогата, од криминалните мрежи од Западен Балкан често се одземаат и фалсификувани лични документи, оружје и готовина (Europol, 2020c; Nova, 2021).

## Пошироки криминални активности

Покрај вмешаноста во пазарот со дрога, познато е дека криминалните мрежи од Западен Балкан понекогаш се вклучени и во други криминални активности, кои може да вклучуваат снабдување со оружје, трговија со луѓе и перење пари. Овие теми накратко се разгледани во продолжение.

### Шверц на оружје

Европол напоменува дека криминалните мрежи вклучени во трговијата со оружје во ЕУ потекнуваат првенствено од Западен Балкан ([5]).Ова оружје обично се поседува илегално по неодамнешните конфликти во тоа подрачје или е присвоено по падот на Советскиот Сојуз. Информациите добиени од интервјуата со специјалисти во ова подрачје укажуваат дека ниту една од овие мрежи не е вклучена исклучиво во снабдувањето со оружје, туку се вклучени во бројните незаконски активности, како што е трговија со дрога, а повремено се занимаваат со трговија со оружје. Разновидноста на оружјето кое им е достапно на групите на Западен Балкан и кое може да се прошверцува во ЕУ, може да се илустрира со извештаи на шведската полиција кои укажуваат дека пиштоли, автоматско оружје, дури и гранати се шверцувани од Западен Балкан и користени во насилството на бандите (GI-TOC, 2020). Оружјето од Западен Балкан е исто така поврзано со насилните екстремисти, терористи и паравоени формации. На пример, нападите во Париз во Франција во 2015 година се изведени со оружје од Западен Балкан (The Economist, 2016). Оружјето, исто така, може да се прошверцува на Западен Балкан заедно со пратки со дрога, што е докажано кога и едното и другото се запленети во текот на истата операција (Министерство за внатрешни работи на Северна Македонија, 2017; Зориќ, 2020). Исто така, постојат индиции дека хероинот и оружјето заедно се шверцувани од Турција на Косово.

### Илегални миграции и трговија со луѓе

Додека рутите за илегално пренесување мигранти се преклопуваат со рутите кои се користат за шверц на дрога низ целиот Западен Балкан, постојат само ограничени докази дека групите кои се занимаваат со трговија со луѓе или илегално пренесување мигранти се исто така вмешани во трговијата со дрога (Kemp et al., 2021). Меѓутоа, кога се во прашање врските помеѓу дрогата и илегалните миграции, има неколку извештаи за мигрантите кои носат дрога за да платат услуга за илегалното пренесување или за сопствена потрошувачка (Директно, 2020; Jutarnji, 2016; Mondo, 2020). Дури се верува дека членовите на мрежата на Западен Балкан вклучени во одгледувањето канабис во ЕУ имале врски со трговија со луѓе, проституција и перење пари (Europol, 2021a).

### Перење пари

Познато е дека криминалните мрежи од Западен Балкан ги перат приходите од трговијата со дрога во ЕУ, како и на Западен Балкан и на офшор-локации, како што се Обединетите Арапски Емирати (Kemp, 2020a; Rettman, 2021).

Парите кои ги остваруваат групите за трговија со дрога во Западна Европа, испрани на Западен Балкан, често се шверцуваат преку граница во скриени прегради од автомобилите и камионите. Според извештајот од интервјуата на возачите на камиони, пренесувачи на готовина редовно патуваат помеѓу Албанија и земјите на ЕУ, како и во Обединето Кралство, носејќи релативно мали суми (помалку од 10 000 евра) за да избегнат сомневања (Reitano и Amerhauser, 2020). Незаконскиот профит стекнат од криминалот, исто така, се пренесува преку финансискиот систем, компаниите за брз трансфер на пари и хавала (hawala) операторите (Cartwright и Amerhauser, 2022; Europol, 2020b; Reitano и Amerhauser, 2020). Покрај тоа, специјалистите ја забележале улогата која може да ја играат криптовалутите во трансферот на средствата од трговија со дрога на и од регионот на Западен Балкан (GI-TOC, 2021c).

([5]) За повеќе информации видете: https://www.europol.europa.eu/crime-areas-and-statistics/crime-areas/illicit-firearms-trafficking.

# Канабис: употреба, производство и снабдување

Додека расположливите докази укажуваат дека канабисот е најчесто користена дрога, во голема мера недостасуваат цврсти докази кои би го овозможиле коментирањето на трендовите и вкупното ниво на преваленција. Квалитативни показатели за зголемена употреба, посебно помеѓу младите, постојат, а некои набљудувачи забележале дека постои поголема побарувачка за лекување и потреба за специфично лекување од канабис.

Од 2016 година, заплените укажуваат дека се измениле методите за одгледувањето канабис на Западен Балкан, со помалку идентификувано производство на канабис на отворено. Се чини дека врз тоа влијаеле големите напори за искоренување во Албанија. Меѓутоа, ситуацијата станала поразновидна и посложена кај повеќе земји во регионот кои бележат големи затворени локации за одгледување канабис. Покрај тоа, се чини дека одреден легално произведен канабис завршил на илегалниот пазар. Бројни криминални мрежи од регионот сè повеќе се вклучени во одгледувањето канабис во ЕУ.

## Канабисот е дрога која се консумира најмногу

Канабисот е најчесто користена недозволена дрога во регионот на Западен Балкан. Помеѓу млади возрасни лица, стари од 15 до 34 години, проценките на годишната преваленција се движат помеѓу 1,9 % за Босна и Херцеговина (2018) до 12,5 % во Северна Македонија (2017). Ова е пониско од проценетиот ЕУ просек од 15,5 % од млади возрасни за 2020 година. Како што е наведено порано, недоволното известување може да биде проблем за спроведените истражувања во регионот.

Билниот канабис е најчест облик на канабис што се користи во регионот. На тоа укажуваат резултатите на Европското интернет истражување за дрогите (EWSD) од 2021 година, спроведено во 5 земји во регионот, кои покажуваат дека во просек 87 отсто од оние што го користеле канабисот во последните 12 месеци пријавиле употреба на билен канабис, додека 24 % пријавиле употреба на смола од канабис. Меѓу овие испитаници, најголемите нивоа на пријавената употреба на смолата од канабис се забележани во Албанија (54 %) и на Косово (34 %), додека најниски се во Србија (7 %) и Црна Гора (9 %). Маслото или екстрактот од канабис било најпопуларно во Северна Македонија (27 %), додека во другите земји се пријавени 10 % или помалку корисници на канабис. Во истата студија, употреба на медицински препишан канабис пријавиле помеѓу 1 и 2 % корисници на канабис, додека бројките за оние што користат некој облик на легалните производи од канабис брендирани како CBD или канабис со ниска содржина на THC се движеле помеѓу 15 % во Албанија и 40 % во Северна Македонија. Важно е што резултатите од EWSD-истражувањата не се генерализирани ниту за една поголема популација или група бидејќи оваа студија ги користела самономинираните и нерандомизирани примероци. Затоа, иако овие резултати може да дадат индикации за тоа кои дроги ги користат луѓето што учествуваат во истражувањето, тие не можат да се третираат како репрезентативни проценки.

Според прелиминарните податоци за пристапот на лекување кои се моментално достапни, многу мал број од луѓето во регионот влегуваат во процес на специјализирано лекување за проблемите поврзани со канабисот. Можен исклучок е Албанија, каде што околу една десетина од пациентите кои го почнуваат процесот на лекување го наведуваат канабисот како свој главен проблем. Интервјуата со практичарите во Албанија и Србија го откриле нивниот впечаток дека се зголемува бројот на помлади луѓе кои бараат помош или имаат проблеми во врска со употребата на канабисот. Вкупно, малиот број на клиентите кои го почнуваат процесот на лекување поради проблемите врзани со канабисот во регионот треба да се толкуваат во рамките на општиот

СЛИКА 4
**Вкупно количество на запленет билен канабис на Западен Балкан, 2017 – 2020 година**




Извор: EMCDDA.

контекст на ограничената достапност на услугите за лекување од дрога и на особено ниската достапност на услугите за оние со проблеми поврзани со канабисот.

## Регионална заплена на билен канабис

Периодот од 2017 до 2020 година е окарактеризиран како тренд на намалување на запленети количества билен канабис во регионот (видете слика 4). Додека во 2017 година на регионално ниво се запленети повеќе од 84 тони, главно во Албанија, количеството е значително намалено на околу 19,5 тони во 2019 и на 14 тони во 2020 година.

## Диверзификација во праксата на одгледување канабис

Изгледа дека канабисот се одгледува и во затворен и на отворен простор секаде на Западен Балкан. Специјалистите забележале дека кога го одгледуваат канабисот надвор, некои албански криминалци сега изгледа го користат семето увезено од Холандија, кое има пократок циклус на одгледување (Brnad, 2022).

Речиси од 2016 година се зголемени вложувањата во искоренувањето на канабисот во Албанија и се чини дека тоа го намалило масовното одгледување на оваа дрога на отворено. Овие напори за искоренување се преземени во соработка со италијанската финансиска полиција, а вклучувале и набљудување од воздух за да се лоцираат местата за одгледување канабис во оддалечени и тешко достапни подрачја. Како резултат на овие напори, се чини дека Албанија сега игра помала улога во регионалното производство на канабис отколку што тоа било случај во минатото. Меѓутоа, овде е важно да се предупреди дека во Албанија и во другите земји во регионот интензивното одгледување на канабисот во затворен простор станало сè почесто (Brnad, 2022; Sinoruka, 2022).

Во неколку земји во регионот неодамна се идентификувани објекти за одгледување канабис во затворени и отворени простори. Пријавено е дека објектите со над 10 000 билки се демонтирани во Србија во ноември 2019 година (видете го полето Индустриски плантажи со канабис во затворен простор во Србија), на Косово во мај 2022 година (RTKLIVE, 2022a) и во Северна Македонија, во јуни 2022 година (Министерство за внатрешни работи на Северна Македонија, 2022). Со оглед на големите површини на овие локации, изгледа дека дел од произведениот канабис бил наменет за извоз. Покрај тоа, властите во Црна Гора во 2021 година го демонтирале првото големо место за одгледување канабис во затворен простор во земјата (Brnad, 2022).

## Можни пренасочувања на легалниот канабис на незаконскиот пазар

Производството на канабис за медицинска употреба е легализирано во Северна Македонија во 2016 година. Во периодот од февруари 2017 до октомври 2021 година е пријавено дека 64 компании добиле дозвола за одгледување канабис (Hall, 2021).

Постојат неодамнешни индиции дека делот од легално произведениот канабис можеби бил пренасочен на пазарот на недозволените дроги во Северна Македонија или прошверцуван во други земји. На пример, имало два случаи кога биле украдени над 2 тона канабис од складиште на лиценцирани македонски компании во 2020 година (Министерство за внатрешни работи на Северна Македонија, 2020a, 2020b). Исто така, постојат индиции дека нелегалното производство на канабис е можеби намерно организирано во лиценцирани производни погони. На пример, во февруари 2022 година полицијата запленила околу 1,5 тон непријавен канабис од еден од легално регистрираните одгледувачи (Ткрањец, 2022). Во јуни 2022 година, албанската влада, поради консултации, објавила закон што регулира одгледување на канабисот за медицински и индустриски цели (Електронски регистар на Албанија, 2022). Имајќи ги предвид

### Индустриски плантажи со канабис во затворен простор во Србија

Во ноември 2019 година српската полиција демонтирала локација со индустриски размери за производство на канабис во затворен простор која била скриена внатре во фармата со органски зеленчук. Во текот на акцијата се запленети речиси 4 тони производи од канабис, вклучувајќи 650 килограми билен канабис. Покрај тоа, пронајдена е лажна полициска лична карта и автомобил со полициски ознаки. Местото за одгледување е заштитено со техничка опрема за попречување телефонски сигнали, вооружени чувари со пушки за дрон и термални камери за ноќен надзор.

Извор: Ројтерс, 2019; Зориќ, 2020.

**Одгледувањето канабис во индустриски обем во Шпанија резултирало со крадење електрична енергија во вредност од 1,5 милион евра**

Во меѓународна заедничка истрага, Шпанија, со поддршка од Европол, Белгија и Холандија, растурила криминална мрежа која се занимавала со одгледување канабис, а која, главно, била составена од албански државјани. Во октомври 2020 година, во низа координирани рации, демонтирани се пет плантажи со канабис во затворен простор и запленети се повеќе од 34 000 билки канабис. Престапниците го пренасочувале локалното снабдување со струја и вода, при што украдената струја за напојување на плантажата била со вредност од 1,5 милион евра.

Плантажите во затворен простор давале три до четири жетви на канабис годишно и се наоѓале во мирни предели во предградието на Барселона. Билниот канабис е транспортиран на палети во камиони до Холандија. Криминалната мрежа користела шифрирана комуникациска технологија за да го олесни своето работење.

Извор: Europol, 2020c

моменталниот обем и потенцијалниот раст на легалното производство на канабис во овој регион, важно прашање за иднината ќе биде како да се обезбеди криминалните мрежи да не се инфилтрираат во производните локации и како да се воспостават силни мерки за да се спречи легално произведениот канабис да влезе на незаконскиот пазар.

## Експертизата за одгледување канабис и операциите се селат во ЕУ

Се чини дека криминалните мрежи на Западен Балкан се вклучени и во шверцот на канабис во ЕУ од земјите надвор од ЕУ, вклучувајќи го Западен Балкан и во одгледувањето канабис внатре во ЕУ (Биро за оперативна координација, 2021; Europol, 2021e).

Во текот на последните 6 години, криминалните мрежи со седиште на Западен Балкан станале сè повеќе вклучени во одгледувањето канабис во затворен простор во земјите на ЕУ (на пр., Австрија, Белгија, Франција, Германија, Грција, Италија, Холандија, Шпанија – Europol, 2019, 2020a, 2020c, 2021a, 2021c, 2021d; Министерство за внатрешни работи на Австрија, 2021; Newsit, 2020; видете го и одделот Улогата и влијанието на криминалните мрежи на Западен Балкан врз пазарот на дрогата во ЕУ). Моќен двигател на овој развој е намалувањето на ризиците и трошоците што произлегуваат од позиционирањето на локациите за производство на дрога во близина на нивниот наменет потрошувачки пазар (Brnad, 2022.)

Неколку меѓународни заеднички истраги се спроведени во ЕУ, главно, против криминалните мрежи од албанско говорно подрачје и српските криминални мрежи вмешани во производството на канабис (видете го полето Одгледувањето канабис во индустриски обем во Шпанија ...). Врз основа на достапните информации, се чини дека Шпанија е најчеста локација за основање места за одгледување канабис. Во септември 2021 година, повеќе од 100 осомничени, главно, оние од албанското говорно подрачје, се уапсени поради управување со 51 плантажа со канабис во Шпанија (Europol, 2021c). Меѓутоа, другите земји, исто така, се погодени, како што се Белгија и Франција, каде што полицијата уапсила повеќе од 60 членови на мрежата на организиран криминал од албанско говорно подрачје, а кои биле поврзани со најмалку десетина локации за одгледување канабис во затворен простор во април 2019 година (Europol, 2021a).

Во септември 2020 година, жена од Србија е обвинета дека ја водела меѓународната мрежа на трговијата со канабис составена од државјани на Србија, Босна, Хрватска и Шпанија и таа била уапсена откако во Шпанија биле запленети 12 600 билки и 190 килограми преработен канабис (ARVBL, 2020). Во другите операции на органите за спроведување на законот, во јануари и јуни 2021 година, повеќе од 40 припадници на српската криминална мрежа биле цел поради вмешаност во производството и дистрибуцијата на билен канабис и на смола од канабис во Шпанија (Europol, 2021d).

## Трговија со билен канабис

Западен Балкан е извор на билен канабис што се продава во ЕУ. Трговијата, исто така, се одвива помеѓу земјите во регионот и во Турција (видете го полето Трговија со канабис во „спротивен" правец од балканската рута). Пред 2018 година, Албанија се сметала за главен извор на билниот канабис надвор од ЕУ, наменет за европскиот пазар (EMCDDA и Europol, 2019), а таа перцепција е потврдена со заплените извршени на Западен Балкан и во земјите на ЕУ. Иако рутите за шверц на канабис кон ЕУ и соседните земји и понатаму се активни (Brnad, 2022.), околу 2018 година соседните земји, како што се Грција, Италија и Северна Македонија, пријавиле значително намалување на заплена на канабис од албанско потекло (UNODC, 2020). Постојат некои информации кои укажуваат дека во тој период можеби дошло и до зголемување на производството во другите земји на Западен Балкан. Меѓутоа, сè на сè, се чини дека Албанија моментално не е толку важен извор на билен канабис за пазарот на ЕУ како што била пред 2018 година.

Заплените укажуваат дека билниот канабис со потекло од Западен Балкан и со кој се тргува во ЕУ обично се транспортира преку копнени граници, на пример, во Унгарија (Љубас, 2020; Reitox – Унгарска национална фокална точка, 2020) и Хрватска (Министерство за внатрешни работи на Хрватска, 2019; видете ја мапата на Главните рути на трговијата со дрога на Западен Балкан прикажана на слика 1). Исто така, понекогаш се шверцува преку море, во Грција, Италија и Турција (Daily Sabah, 2021). И покрај секое можно намалување на производството, се чини дека регионот и понатаму е значителен извор на канабис за некои земји на ЕУ. На пример, се смета дека околу 48 % од канабисот запленет во Грција во 2020 година е од албанско потекло иако тоа претставува намалување во споредба со претходните години (на пр., 62 % во 2018 и 71 % во 2017 година; Brnad, 2022; Грчка полиција, 2020) Слично со тоа, изгледа дека вкупното количество на билниот канабис што се шверцува во Италија се намалило во последните години, на што укажува постојаниот пад на заплената, при што помалку се случаите на билниот канабис кој е пресретнат додека се транспортира со глисери преку Јадранско Море (Халили, 2021а; Министерство за внатрешни работи на Италија, 2021) Сепак, оваа рута и понатаму е активна, на што покажува неодамнешната заплена на 992 килограми билен канабис во Јадранско Море, кој е превезен со едрилици и глисери во август 2022 година, при што се уапсени тројца осомничени Албанци и двајца Украинци (Велај, 2022)

Дел од трговијата со канабис се врши со мали авиони (Brnad, 2022; City News Albania, 2021; Љубас, 2020) или дури повремено со помош на беспилотни летала. Меѓутоа, овие видови транспорт веројатно се повеќе исклучок отколку правило.

Сложеноста на тековите на трговијата со канабис е нагласена со шверцот на производи од канабис од ЕУ на Западен Балкан. На пример, постојат индиции дека садниците од канабис од ЕУ можеби се транспортирани на Западен Балкан поради одгледување. Во јануари 2022 година, хрватската полиција запленила 1096 садници од канабис на граница со Црна Гора од камион наменет за Северна Македонија (Brnad. 2022.; Министерство за внатрешни работи на Хрватска, 2022). Во јуни 2022 година, шпанската полиција растурила организирана криминална мрежа која одгледувала канабис наменет за повеќето европски пазари на дрога, вклучувајќи го и српскиот пазар (Spanish News Today, 2022).

### Трговијата со канабис во „спротивен" правец од балканската рута

Турција останува клучна дестинација за билниот канабис од Западен Балкан, а постојат индиции дека канабисот понекогаш може да се замени за хероин (Brnad, 2022; Mejdini и Amerhauser, 2019; Sinoruka, 2022) или дури за кокаин (Стејт департмент, САД, 2022) Ова е знак дека пратките со дрога по балканската рута може да станат двонасочни. На пример, производите од канабис сега се транспортираат во „спротивен правец" од вообичаените текови на дрогата, но можно е да се користат истите мрежи, криминалната инфраструктура и методите за промет на хероин во ЕУ.

## Смола од канабис и други производи: производство и трговија

Иако количествата на смола од канабис изгледаат многу ниски во споредба со билниот канабис, малите заплени на дрогата укажуваат дека Западен Балкан е, исто така, место за претовар на смола од канабис и веројатно произведувач. Количеството на запленетата смола од канабис во Албанија пораснало од 23 килограми во 2016 година на 1,1 тон во 2019 година, пред рапидно да падне на 1 килограм во 2020 година. Меѓутоа, расположливите информации не дозволуваат

да се извлечат какви било заклучоци за потеклото на смолата од канабис запленета на Западен Балкан.

Постојат некои индиции дека во регионот се произведува масло од канабис . На пример, Црна Гора во 2017 година запленила 17 литри масло од канабис, за кое се сомнева дека потекнува од Албанија, во транзитот кон ЕУ (EMCDDA и Europol, 2019).

Постојат и докази дека во исто време различни видови производи од канабис се шверцуваат од Западен Балкан. На пример, италијанските власти во февруари 2020 година заплениле 450 килограми билен канабис, 75 килограми смола од канабис и 3,5 литри масло од канабис во истата пратка од Албанија, додека во април 2020 година уапсиле двајца италијански државјани поради шверцот на 646 килограми билен канабис и 250 килограми смола од канабис, исто така од Албанија (Guardia di Finanza, 2020; Kote, 2020).

## Цени на канабисот

Пред да се коментираат цените на канабисот ([6]) треба да се истакне дека достапните податоци не се целосни. Иако ова внесува определен степен на несигурност, сепак е можно да се дадат некои забелешки за оваа тема. Врз основа на достапните податоци, просечната малопродажна цена на билниот канабис во регионот, помеѓу 2018 и 2020 година, била околу 6 евра по грам, при што најниска просечна цена имала Албанија (4 евра/г), а Србија највисока (7,4 евра/г). Иако цената на билниот канабис вообичаено се искажува во евра по грам на малопродажно ниво и евра по килограм на големопродажно ниво, податоците собрани на терен во периодот 2019 – 2020 година даваат некои интересни детали за големината на трансакциите. На пример, достапните информации укажуваат дека корисниците може да купат билен канабис во количества од 0,8 до 1,2 грама за најмалку 4 евра во Албанија, каде што исто така е можно да се купи 10 грама по намалена цена од 30 евра (Kemp et al., 2021).

Достапните информации, исто така, укажуваат дека помеѓу 2018. и 2020. година просечната големопродажна цена на билниот канабис во регионот била околу 1600 евра по килограм, при што Албанија имала најниска просечна цена (1300 евра/кг), а Србија највисока (2300 евра/кг). На големопродажно ниво, цената за 1 килограм билен канабис значително варира во зависност од тоа како се произведува. Во Албанија, на пример, канабисот што се одгледува на отворено се продавал помеѓу 1200 и 1800 евра по килограм, додека канабисот одгледуван во затворен простор се продавал до 2400 евра по килограм. Може да се очекува дека интензивното одгледување во затворен простор ќе произведе билен канабис со поголема јачина во споредба со одгледувањето на отворен простор, иако нема достапни форензички информации за да го потврдат тоа. Во Србија, меѓутоа, се наведува дека „висококвалитетниот“ канабис што се одгледува во затворен простор се продава и до 4000 евра по килограм.

Кога канабисот ќе ја премине меѓународната граница, постои дополнителна маржа од околу 200 евра по килограм, иако тоа веројатно ќе варира во зависност од тоа колку граници се преминати, од степенот на вклучениот ризик и употребеното превозно средство. Во примерот на трговијата со глисери (во земји како што се Италија или Грција), пријавено е дека маржата може да достигне и до 700 евра по килограм (Kemp et al., 2021). Стручното мислење укажува дека цената на производите од канабис пораснала во последните неколку години како резултат на активностите на органите за спроведување на законот, како што се заплените на големи локации за одгледување, кои ја намалиле понудата (Brnad, 2022.).

([6]) Цените на дрогата ги анализирал GI-TOC врз основа на податоците кои ги доставиле земјите на Западниот Балкан до EMCDDA и податоците кои ги собрал GI-TOC (Kemp et al., 2021).

# Кокаин: употреба и снабдување

Употребата на кокаин во прав, неговото инјектирање и употребата на крек кокаин се зголемува во регионот. Специјалистите веруваат дека употребата на кокаин сега е одомаќинета во регионот, а некои земји на Западен Балкан пријавиле смртни случаи поврзани со кокаинот. Треба да се истакне, како што е споменато претходно, дека во голема мера недостасуваат цврсти емпириски податоци кои би овозможиле со доверба да се коментираат трендовите на употреба на дрогите и нивоата на преваленцијата.

Неодамнешните заплени укажуваат дека трговијата со кокаин преку морските пристаништа на Западен Балкан, посебно во Албанија и Црна Гора, можеби пораснала: иако количествата за кои станува збор и понатаму се многу мали во споредба со количествата на оваа дрога запленети во главните пристаништа на ЕУ. Информациите од изворите на органите за спроведување на законот, исто така, укажуваат дека криминалните мрежи од регионот станале главни играчи на пазарот на кокаин во ЕУ. Понекогаш ова опфаќа оркестрирање на операции во целиот синџир на снабдување, од набавката на дрогата во Латинска Америка и директниот увоз во пристаништата на ЕУ и Западен Балкан до дистрибуцијата на улиците во европските земји.

## Разноликост во моделите на употреба на кокаинот од страна на имотните и маргинализираните лица

Врз основа на достапните податоци од истражувањето на општата популација, кокаинот е втора најчесто пријавувана недозволена дрога на Западен Балкан по канабисот иако постигматизираните облици и супстанции на употребата, како што се опијатите, може да бидат потценети во овие податоци. Моделите на употреба на кокаинот може да варираат од употреба во рекреативни опкружувања помеѓу поимотните потрошувачи до високоризична употреба помеѓу маргинализираните популации. Постојат минатогодишни проценки за преваленцијата на употреба на кокаинот помеѓу млади возрасни лица за некои земји, но достапните податоци сега се многу стари и не е познато колку ја одразуваат моменталната ситуација. На пример, во Албанија проценката на минатогодишната преваленција за 2014 година покажала дека 3,6 % млади луѓе пробале дрога. Во Црна Гора оваа бројка била слична (3,7 %) во 2017 година. Поради споредба, просекот во ЕУ за оваа мера во 2020 година бил 2,2 % иако се согледани големи разлики помеѓу земјите (EMCDDA, 2022). Во студијата на ESPAD од 2019 година, употребата на кокаин и крек кокаин во Црна Гора е пријавена како релативно висока помеѓу учениците на возраст од 15 до 16 години, со 2,9 % и 1,4 % соодветно (во споредба со 1,9 % и 1,1 % од просечната преваленција на доживотната употреба на кокаин и крек во сите земји кои учествувале во ESPAD од 2019 година; ESPAD, 2021). Постои впечаток помеѓу специјалистите дека во последно време се зголемени употребата и бројот на корисниците на кокаинот помеѓу средната класа во понапредните и поимотните урбани средини во Белград, Подгорица и Тирана и во одморалиштата во регионот (како што се оние на јадранскиот брег или скијачките центри како што е Јахорина во Босна и Херцеговина).

Употребата на кокаин, исто така, била релативно висока помеѓу испитаниците кои учествувале во EWSD-истражувањето во 2021. година. Помеѓу оние што пријавиле употреба на кокаин, кокаинот во прав бил најчесто користен облик (во просек од 94 % во пет земји), додека употребата на крек кокаин била многу поретка (6 %) иако оваа бројка била поголема во Албанија (19 %). Меѓутоа, албанското истражување за оваа вежба стигнало до клиентите на програмата со низок праг и затоа согледаните разлики може едноставно да ги одразуваат разликите во примерокот, а не нужно какви било севкупни разлики во моделите на употребата. Како што порано е спомнато, EWSD-истражувањето е самономинирана интернетска вежба и затоа резултатите не може да се генерализираат врз популацијата во целост.

Инјектирањето на кокаинот, исто така, спорадично е пријавено во Северна Македонија и неодамна во Црна Гора, при што се наведува дека кокаинот се инјектира сам или во комбинација со опиоиди (EMCDDA, 2021b). Смртни случаи поврзани со кокаинот, исто така, се пријавени во Албанија и Северна Македонија.

Многу мал број од луѓето во регионот почнуваат процес на лекување поради проблемите поврзани со кокаинот. Значителен исклучок е Албанија, каде што клиентите на кокаинот се помеѓу третина и половина од сите клиенти кои почнале процес на лекување во Универзитетската болница „Мајка Тереза“ во Тирана помеѓу 2019 и 2020 година. Специјалистите забележале дека во целиот регион услугите за оние што имаат проблеми со стимулансите се недоволно развиени или не постојат.

Исто така е пријавено дека општествената стигма поврзана со проблемот со дрогата претставува пречка во барањето помош или ги наведува поимотните поединци да бараат лекување во странство.

## Сè поголема улога на пристаништата на Западен Балкан

Достапноста на кокаинот во ЕУ е моментално поголема од кога било претходно, со рекордни количества кои се запленуваат во Европа секоја година од 2017 година. Иако во минатото биле големи запленитe на дрога во регионот на Западен Балкан, податоците и понатаму укажуваат дека, севкупно гледано, шверцот на кокаин во регионот е со многу ограничен обем во споредба со клучните земји на ЕУ (EMCDDA и Europol, 2022.). Меѓутоа, моментално постојат некои индиции дека улогата на криминалните мрежи и пристаништата на Западен Балкан во европската трговија со кокаин може да биде сè поголема, а тоа може да претставува закана за иднината.

Толкувањето на податоците за заплена на кокаин на Западен Балкан е релативен предизвик, но најновите настани во оваа област загрижуваат. Прегледот на податоците за забележаните заплени на кокаин во регионот од 2017 до 2020 година покажуваат драматичен пораст (видете слика 5), на речиси 700 килограми во 2018 година. За споредба, ова претставува помалку од 1 % од кокаинот запленет во ЕУ истата година, но овој обем на запленатa и понатаму е исклучителен за регионот според историските стандарди. Меѓутоа, вредностите за 2018 година одразуваат една голема заплена од 613 килограми кокаин што ја направиле албанските власти (Exit News, 2018). Спротивно на тоа, количествата на кокаинот пријавени како запленети помеѓу 2017 и 2020 година биле минимални, со остар пад на запленетите количества помеѓу 2018 и 2019 година.

Неодамна, прелиминарните податоци достапни за запленитe во 2021 и 2022 година укажаа на тоа дека улогата што ја имаат пристаништата во регионот на Западен Балкан, посебно во Албанија и Црна Гора, може да расте. На пример, медиумските извештаи покажуваат дека во пристаништето Драч, во Албанија, биле запленети 143 килограми кокаин во април 2021 година (Exit News, 2021.) и 119 килограми во декември 2021 година (Java News, 2022.). Слично на тоа, во пристаништето Бар, во Црна Гора, во август 2021 година биле запленети 1,4 тони, а во јануари 2022 година пријавена е заплена од 500 килограми (Kajosevic, 2022.)

Покрај тоа, Косово запленило пратка од 400 килограми кокаин во мај 2021 година, откако била прошверцувана преку албанското пристаниште Драч (Халили, 2021b). Исто така, запленитe на кокаинот одразуваат само мал удел во вкупните количества на кокаинот што се шверцува низ регионот. На пример, црногорските власти се сомневаат дека преку пристаништето Бар, во втората половина на 2021 година се прошверцувани над 3 тони кокаин (Kajosevic, 2022)

## Клучна улога во глобалната трговија со кокаин

Како што е веќе споменато, криминалните мрежи од регионот на Западен Балкан последните години се појавиле како значителни играчи на пазарот на кокаин во ЕУ (видете го одделот Улогата и влијанието на криминалните мрежи на Западен Балкан врз пазарот на дрогата во ЕУ). Се чини дека на клучните локации во Јужна Америка се присутни земјите како што се Еквадор (Cela и Moran, 2019, Euronews, 2022; Ford, 2021), Колумбија (Analisis Urbano, 2018; Infobae, 2021; Parkinson, 2020), Перу (El Comercio, 2018; Mandujano, 2021) и Бразил (Record TV, 2021), каде што работат директно со јужноамерикански наркокартели (видете го полето Голема мултинационална криминална мрежа увезува кокаин во Европа). Постоењето на овие мрежи е откриено низ неколку успешни операции на органите за спроведување на законот кои ги разоткриле методите на работењето на групите, на пример, повеќеслојна

СЛИКА 5
**Кокаин запленет на Западен Балкан од 2017 до 2020 година**




Извор: EMCDDA

### Голема мултинационална криминална мрежа увезува кокаин во Европа

Меѓународната операција на органите за спроведување на законот во 2021 година резултирала со подигнување обвинение против 61 осомничен припадник на мрежата за трговија со дрога на големо со кокаин од Јужна Америка во Европа. Оваа криминална мрежа била многу присутна низ европските земји и била составена главно од криминалци со потекло од Србија, Хрватска, Црна Гора и Словенија. Координираната операција на органите за спроведување на законот резултирала со заплена на 2,6 тони кокаин и 324 килограми билен канабис, како и на луксузни возила и големи суми пари. Шпанските истражители, исто така, идентификувале и демонтирале други текови на приходите на мрежата, вклучувајќи производство и трговија со канабис и продажба на луксузни возила. Некои членови на организираната криминална група се обвинети и во Словенија за дистрибуција на кокаин и канабис.

Извори: EMCDDA и Europol, 2022; Europol, 2021e.

логистика, високо ниво на соработка помеѓу различни криминални мрежи и користење нова технологија, вклучувајќи и шифрирана комуникација (EMCDDA и Europol, 2022; Europol, 2020b).

Криминалните мрежи од албанско говорно подрачје станале независни актери со директни врски во Латинска Америка, додека порано изгледало дека работеле првенствено преку италијанските криминални мрежи (McDermott et al., 2021; видете го и полето Албанските мрежи ја прошируваат контролата врз синџирот на снабдување со кокаин). Тоа не значи дека не постојат врски со италијанските групи, туку изгледа дека двете страни работат заедно во различни делови од светот на начини кои се корисни за двете страни. Сè на сè, сега постои значително количество информации кои укажуваат дека мрежите од албанското говорно подрачје ги прошириле своите активности поврзани со кокаин низ повеќе земји на ЕУ од 2017 година и дека, исто така, играат значителна улога на пазарот на кокаин во многу земји, со активностите кои вклучуваат учество во дистрибуцијата на ниво на улици (EMCDDA и Europol, 2022; Europol, 2021f).

Криминалните мрежи кои се занимаваат со трговија со кокаин со членовите од земјите во регионот и соседните држави (Србија, Босна и Херцеговина, Северна Македонија, Црна Гора, Хрватска, Словенија) во одредена мера лесно и ефикасно соработуваат една со друга, врз основа на деловниот менталитет што им овозможува на актерите да работат заедно таму каде што имаат обострана корист (EMCDDA и Europol, 2022). Меѓутоа, постојат и низа случаи на насилство помеѓу таквите мрежи вклучени во трговијата со кокаин, како

### Албанските мрежи ја прошируваат контролата врз синџирот на снабдување со кокаин

Историски гледано, групите вклучени во увозот на големи количества кокаин обично работат одвоено од големотрговците и групите за дистрибуција на дрога преку локалните пазари на дрога. Неодамна се забележани  случаи кога некои криминални мрежи од албанско говорно подрачје се оддалечуваат од овој модел и ја преземаат контролата врз увозот и дистрибуцијата на дрога. На пример, познато е дека едната мрежа ги користела префинетите шифрирани комуникациски технологии за одржување контакти со водачот на организацијата, со седиште во Еквадор, кој директно преговарал со јужноамериканските наркокартели и организирал големи пратки на кокаин во главните пристаништа во Европа. Соучесниците со седиште во Италија, Холандија и Албанија го олесниле овој процес и исто така биле одговорни за дистрибуцијата до потрошувачите. Кокаинот е шверцуван преку европските граници, скриен во возилата опремени со скриени прегради, а криминалците својата заработка ја переле користејќи го подземниот алтернативен систем на дознаки од кинеско потекло, познат како „феи чиен“ системот, сличен со „хавала“ (hawala) системот  за трансфер.

Извори: EMCDAA и Europol, 2022; Europol, 2020b.

во регионот, така и на други места (видете го одделот Насилство поврзано со кокаин во ЕУ, Западен Балкан и Јужна Америка). Овие групи понекогаш заеднички се нарекуваат „Балкански картел", меѓутоа, називот е погрешен и нема доволно докази кои би укажале дека постои балкански картел сам по себе, туку дека постои сојуз на погодности помеѓу различни слабо поврзани криминални мрежи (Djordjevic, 2021).

## Насилство поврзано со кокаин во ЕУ, Западен Балкан и Јужна Америка

Насилство поврзано со конкуренцијата на пазарите и рутите за трговија со кокаин помеѓу криминалните мрежи на Западниот Балкан е пријавено во ЕУ, Западен Балкан и Јужна Америка. На пример, во Албанија неодамна се пријавени убиства поврзани со трговијата со кокаин (Oculus News, 2019; Politiko, 2022a; Tirana Post, 2021). Дури, убиствата поврзани со трговијата со кокаин, исто така, се пријавени во различни градови во ЕУ (видете го и одделот Улогата и влијанието на криминалните мрежи на Западен Балкан врз пазарот на дрога во ЕУ), како и во соседните земји и градови, како што е Киев, во Украина (Replianchuk и Loginova, 2020).

Насилство поврзано со криминалните мрежи на Западен Балкан е, исто така, пријавено во Јужна Америка. Меѓутоа, овие мрежи почесто биле цел на насилство отколку што биле сторители. Ова било случај, на пример, во Еквадор, каде што осомничените членови на мрежите од албанското говорно подрачје биле жртви на убиствата во мафијашки стил, за кои се смета дека се поврзани со криминалните активности во пристаништето Гвајакил (Cela и Moran, 2019; EMCDDA и Europol, 2022; Euronews, 2022; Ford, 2021). Понатамошни убиства се случиле во Бразил (Record TV, 2021) и Колумбија (Analisis Urbano, 2018; EMCDDA и Europol, 2022; Parkinson, 2020).

Сè на сè, криминалните мрежи на Западен Балкан користат насилство на стратегиски и контролиран начин, првенствено за да го зачуваат својот кредибилитет како закана, што е, како што се наведува, клучна карактеристика на нивниот деловен модел во трговијата со кокаин (EMCDDA и Europol, 2022; Kemp, 2020b; Townsend, 2019).

## Цени на кокаинот

Просечната малопродажна цена на кокаинот во регионот, помеѓу 2018 и 2020 година, е проценета на околу 76 евра по грам, при што најниската просечна цена е во Босна и Херцеговина (67евра/г), а во Србија највисока (86 евра/г). Кокаинот на одделни места може да се купи во дози помали од 1 грам. Во Албанија, на пример, изгледа дека најчесто продаваното количество во просек е помеѓу 0,25 и 0,30 грама, за 25 до 30 евра по грам. Се наведува дека пола грам кокаин може да се купи за помеѓу 40 и 50 евра во Босна и Херцеговина, Црна Гора и Србија. Покрај тоа, во Црна Гора е можно да се купи „линија" за околу 5 до 10 евра, а се чини дека цената се намалува на 70 евра по грам ако се купи минимум 5 грама. На Косово, најпопуларната единица која се продава е 0,6 грама за околу 55 до 60 евра. Во регионот се достапни и други производи од кокаин, како што е крек кокаинот, кој во Албанија може да се набави во количества од една десетина до една петтина од грам со просечна цена помеѓу 20 и 25 евра (Kemp et al., 2021).

Врз основа на достапните информации, просечната големопродажна цена на кокаинот во регионот помеѓу 2018 и 2020 година е проценета на 39 000 евра по килограм, при што Албанија пријавила просечна најниска цена (30 000 евра/кг), а Србија највисока (45 000 евра/кг). На големопродажно ниво, кокаинот обично се продава на килограм. Бидејќи криминалните мрежи на Западен Балкан се сега активни низ целиот синџир на снабдување со кокаин, се смета дека можат да преговараат за цената по килограм директно со изворот, во јужноамериканските земји кои ја произведуваат дрогата. Ова укажува на тоа дека криминалните мрежи може да ги зголемат своите профитни маржи така што ќе ја извлечат вредноста од целиот синџир на снабдување наместо да ја споделат одговорноста за деловите од работењето со други криминални мрежи. На пример, килограм од кокаинот што ќе стигне во Албанија по цена помеѓу 20 000 и 25 000 евра по килограм може да се измеша и да се препакува и повторно да се продаде во Западна Европа за 35 000 до 42 000 евра по килограм — речиси осумпати повеќе од неговата пријавена оригинална цена во Латинска Америка (Kemp et al., 2021).

# Хероин и други опиоиди: употреба и снабдување

Хероинот останува главен недозволен опиоид што се користи во регионот, а исто така е и една од најчесто инјектираните дроги. Тоа значително придонесува за вкупните штетни последици во врска со дрогата и останува примарна причина поради која луѓето кои имаат проблеми со употреба на дроги бараат лекување.

Трендовите на пријавените заплени на хероинот благо опаднале во 2020 година иако тоа следело по зголемувањето во 2019 година и среднорочната слика изгледа релативно стабилно. Се смета дека поголемиот дел од запленетиот хероин во регионот бил транспортиран преку копно или по морски пат, наменет за ЕУ. Последните години не се забележани значителни промени во методите на трговија со хероинот. Меѓутоа, како што е кажано порано, постои нова загриженост дека сега може да постојат врски помеѓу трговијата со канабис и со хероин. Оваа тема заслужува понатамошно истражување и следење.

## Опиоиди поврзани со повеќето штетни последици

Хероинот и другите опиоиди и понатаму се главна причина за штетните последици во регионот, додека проблемите со употребата на опиоидите се главни причини поради кои луѓето од земјите на Западен Балкан почнуваат процес на лекување од дрога. Предозирања од хероин и други опиоиди се пријавени од четири земји во кои се достапни некои податоци за смртност.

Достапните информации укажуваат дека хероинот е главниот недозволен опиоид што се користи во целиот регион, освен на Косово, каде што повеќето луѓе кои влегуваат во процес на лечење ја пријавуваат употребата на метадон и Северна Македонија, каде што метадонот се смета за најчесто инјектирана дрога и е исто така поврзана со повеќето пријавени фатални предозирања, често во комбинација со бензодиазепини. Хероинот обично се инјектира со други супстанции вклучувајќи кокаин (EMCDDA, 2021b).

Проблемите во врска со хероинот може да бидат поголеми кај некои малцинства, на пример, изгледа дека ромската заедница сè повеќе е погодена од употребата на опиоиди во Албанија, Косово, Северна Македонија и Црна Гора (EMCDDA, 2021b).

Бупренорфинот е исто така достапен на пазарот на дрога во неколку земји. Во Србија, околу 10 % од клиентите кои се лекуваат од опиоиди го наведуваат бупренорфинот како примарна дрога, а во Црна Гора специјалистите изразиле загриженост поради можно пренасочување на медицинскиот бупренорфин.

Забелешките на експертите укажуваат дека генералното користење на хероин во регионот може да опаѓа. Меѓутоа, не е јасно дали ова го сигнализира падот на вкупното ниво на хроничните модели на проблематична употреба на дрогата или укажува на тоа дека хероинот едноставно е заменет на пазарот со синтетичките опиоиди или другите дроги.

## Запленатa на хероинот е релативно стабилна во периодот од 2017 до 2020 година

Се чини дека заплените на хероин и морфиум благо опаднале во земјите на Западен Балкан во 2020 година (UNODC, 2022). Меѓутоа, севкупно, среднорочната слика во регионот се чини релативно стабилна помеѓу 2017 – 2020 година, со кулминација во 2019 година поради зголемените заплени во Србија (видете слика 6). Иако кумулативните износи сè уште не се достапни, познато е дека неодамна се извршени одредени

СЛИКА 6
**Хероин запленет на Западен Балкан од 2017 до 2020 година**




Извор: EMCDDA

значителни заплени. На пример, пријавено е дека 67,5 килограми хероин се запленети во мај 2022 година на Косово (RTKLIVE, 2022b) и 45,5 килограми во октомври 2021 година во Албанија (Oculus News, 2021). Меѓутоа, прелиминарната анализа на регионалните податоци достапни за 2021 и 2022 година не укажуваат на суштествени знаци на промена.

## Во регионот може да се случи производство на хероин од морфиум

Авганистанскиот хероин на патот кон ЕУ, главно, се шверцува преку Западен Балкан иако дел од овие пратки остануваат во регионот за домашна потрошувачка. Исто така, постојат индиции дека последниот чекор во процесот на производство на хероин, производството на хероин од морфиум, може да се случи на Западен Балкан. На пример, погон за производство на хероин е откриен во Албанија во 2018 година (ABC News, 2018). Домашното производство на хероин од увезените опијати може да донесе поголем профит од продажбата на увезениот хероин, но овој процес бара специјално знаење, опрема и пристап до хемикалиите на прекурзори.

## Хероин: шверц по копно или море

Балканската копнена рута, од Авганистан преку Иран, Турција и земјите на Западен Балкан, е најкратка и најдиректна рута за хероинот да стигне до европските

СЛИКА 7
**Краци од балканската рута**



**67,5 килограми хероин запленети на Косово**

Властите на Косово во мај 2022 година заплениле значително количество хероин од вкупно 67,5 килограми во акцијата во која се уапсени 14 осомничени. Според информациите доставени до EMCDDA, хероинот е обработен во две импровизирани лаборатории на Косово од страна на осомничени турски државјани кои работат заедно со локалната криминална мрежа.

Извор: RTKLIVE, 2022b

потрошувачки пазари, а со тоа и најчеста рута за шверц на хероинот во ЕУ (EMCDDA и Europol, 2019). И јужниот и централниот крак од балканската рута преминуваат низ Западен Балкан (слика 7).

Хероинот може да влезе во регионот од Бугарија преку Србија или Северна Македонија поради понатамошен транспорт во Албанија, Косово, Црна Гора и Босна и Херцеговина, но пратките може да влезат во регионот и од Грција (Биро за оперативна координација. 2021; видете го и полето 67,5 килограми хероин запленети на Косово). Пратките со хероин тогаш може да влезат во ЕУ по копнен пат преку Хрватска и Унгарија или преку море од Албанија до Италија (Видете ја исто така слика 1). Постојат неколку неодамнешни примери за тоа. Во октомври 2021 година, во пристаништето Драч се запленети 45,5 килограми хероин, натоварени се во камион за Италија (Oculus News, 2021), а во јуни 2022 година во Италија се запленети 24 килограми хероин откако стигнале со траект од истото пристаниште (Kote, 2022a). Како што е нагласено порано, билниот канабис може да се пренесе од Западен Балкан во Турција во замена за хероин, создавајќи нови можности за криминалните мрежи на Западен Балкан вклучени во трговијата со дрога (Mejdini and Amerhauser, 2019; Sinoruka, 2022; State Department USA, 2022).

Главниот прекурзор на хероинот, анхидрид на оцетна киселина, исто така може да се шверцува од ЕУ во подрачјата кои произведуваат хероин преку Западен Балкан, а во минатото биле забележани неколку случаи. Во 2017 година, на пример, две одвоени пратки – од 3 720 и 5 000 килограми – се запленети кога имало обид да ги прошверцуваат преку границата од Србија во Бугарија (Обвинителство на Бугарија, 2017; Xinhua, 2017).

## Цени на хероинот

Просечната малопродажна цена на хероинот во регионот во периодот помеѓу 2018 и 2020 година изнесувала 20 евра за грам, при што во Северна Македонија е најниската просечна цена (16,5 евра), а во Србија највисоката (21,5 евро). На Косово хероинот се продава во мали количества од 0,25 грама за 5 евра. Слични малопродажни практики се забележани и во Србија, каде што 0,2 грама („шот/shot“) се продава за околу 7-8 евра. Во Црна Гора најчеста единица на продажба е пола грам, која во зависност од квалитетот се продава помеѓу 5 и 10 евра. Интервјуата направени со корисниците на хероин од страна на невладината организација за намалување на штетните последици во Северна Македонија укажуваат дека купувањето супстанции во мали количества и нивното консумирање веднаш е почесто од купувањето во поголеми количества поради ризикот да се биде фатен од страна на полицијата додека се чува неупотребената дрога.

Просечната големопродажна цена на хероинот во регионот помеѓу 2018 и 2020 година изнесувала 17 000 евра по килограм, при што најниска просечна цена имала Црна Гора (15 000 евра/кг), а Србија највисока (19 000 евра/кг). Секаде во регионот големопродажните цени на хероинот може да пораснат и до 2 000 евра по килограм, со тенденција на пораст со секој премин преку граница (Kemp et al., 2021).

# Синтетички droги: употреба, производство и снабдување

Додека синтетичките дроги вклучуваат широк спектар супстанции, достапните информации во регионот се однесуваат, главно, на амфетамини (амфетамин и метамфетамин) и MDMA екстази. Иако се чини дека амфетамините поретко се користат од другите дроги во повеќето земји од регионот, достапните информации укажуваат на слични нивоа на преваленција како во повеќето земји на ЕУ. Нивоата на преваленцијата на употреба на MDMA (екстази) се слични со оние што се пријавени за амфетамините, но пониски од оние во ЕУ. Стручното мислење укажува дека MDMA (екстази) во голема мера се користи во ноќниот живот или во други слични рекреативни опкружувања.

Локалните пазари на синтетички дроги се прилично променливи и динамични. Побарувачката за синтетичките дроги, главно, се задоволува со производство кое се одвива надвор од регионот иако повремено е забележано и локално производство на синтетички дроги.

### Употреба на нови психоактивни супстанции

Податоците за употребата на нови психоактивни супстанции (НПС) се исклучително ограничени. Некои показатели за нивното присуство на регионалниот пазар на дрога може да се добијат од EWSD-истражувања за 2021 година, каде што помеѓу 9 % од испитаниците во Црна Гора и 23 % во Северна Македонија изјавиле дека користеле некои од НПС во минатата година. Иако овие резултати укажуваат на присуство на НПС на регионалниот пазар на дрога, тие не може да се генерализираат ниту за една поголема популација. Во ESPAD-истражувањето за 2019 година, помеѓу 1 % од учесниците во Северна Македонија и 2,6 % во Црна Гора пријавиле користење на која било НПС. Квалитативните извештаи од теренот укажуваат на спорадична употреба на фентанил од страна на луѓе кои инјектираат дрога, што е забележано во Црна Гора. Синтетичките канабиноиди, исто така, се популарни во Србија. Сѐ на сѐ, нема доволно достапни квантитативни податоци и форензички студии за да се овозможи информирано коментирање на трендовите за достапноста и употребата на НПС во регионот.

## Употреба на други стимуланси, освен кокаинот

Врз основа на достапните податоци, употребата на други стимуланси, освен кокаинот е релативно невообичаена во регионот (видете го полето Употреба на нови психоактивни супстанции). Сепак, податоците од училишните истражувања ги покажуваат нивоата на употреба кои се еднакви или дури поголеми од европскиот просек помеѓу адолесцентите. Меѓутоа, можната грешка на мерењето значи дека секоја разлика треба да се толкува со внимание. На пример, во 2019 година, преваленцијата на употреба на амфетамин во текот на животот кај децата од 15 до 16 години била 2 % и во Црна Гора и во Србија, додека просечната бројка во сите земји на ESPAD-истражувањата била 1,3 % (ESPAD, 2021). Слично на тоа, употребата на метамфетамини од страна на учениците го надминала европскиот просек во Албанија во 2015 година и во Црна Гора и во Србија во 2019 година, додека употребата на MDMA (екстази) исто така била релативно висока во Албанија во 2015 година и во Црна Гора во 2019 година. Помеѓу младите возрасни лица, освен употребата на MDMA (екстази) во Црна Гора и употребата на амфетамини во Црна Гора и во Северна Македонија, достапните податоци укажуваат дека стапките на преваленција на употреба на синтетичките стимуланси во регионот се пониски од оние што обично се пријавуваат во ЕУ.

Според забелешките од практичарите на терен, употребата на MDMA (екстази) се зголемува во текот на летото со приливот на странски туристи и емигранти кои се враќаат дома на одмор.

## Заплени на синтетички дроги

Амфетаминот е биосинтетичка дрога која е најмногу запленувана во регионот во периодот помеѓу 2017 и 2020 година, а го следи MDMA (екстази); (видете слика 8) ([7]). Запленитe на амфетаминот во овој период, главно, се вршени во Босна и Херцеговина, Северна Македонија и Србија. Северна Македонија го запленила речиси целиот амфетамин пријавен во овој период,

([7]) Запленитe на синтетички дроги се пријавени и во килограми и во таблети. За да се овозможи споредливоста, количествата наведени во таблети се претворени во килограми користејќи ја проценката од 250 мг по таблета.

СЛИКА 8
**Амфетамин и MDMA (екстази) запленети на Западен Балкан од 2017 до 2020 година**




Извор: EMCDDA

2017 година, кога е демонтирана лабораторијата за илегално производство (видете го полето Демонтажа на погон за производство на синтетички дроги во Северна Македонија и Србија). Од сите земји во регионот, Србија пријавила најмногу заплени на MDM (екстази) во периодот од 2017 до 2020 година, а ја следи Босна и Херцеговина.

**Демонтажа на погон за производство на синтетички дроги во Северна Македонија и во Србија**

Со заедничка операција на властите на Северна Македонија и Србија, во 2017 година, со меѓународна поддршка, откриен е голем погон за производство на синтетички дроги со префинета опрема во Тетово, во Северна Македонија. Во исто време, откриени се и други места за производство на синтетички дроги во Северна Македонија и Србија. Во оперативната фаза запленети се над 125 килограми дрога и прекурзори, како и оружје. Овој нелегален производен објект наводно произведувал и таблети амфетамин со логото Captagon, веројатно наменет за турскиот и за блискоисточниот пазар.

Извори: Министерство за внатрешни работи на Северна Македонија, 2017; SELEC, 2017.

Многу мали количества синтетички дроги се запленети во Албанија, на Косово и во Црна Гора, помалку од 6 килограми амфетамин, метамфетамин и MDMA (екстази) во периодот од 2017 до 2020 година.

## Се чини дека производството на синтетички дроги е невообичаено во регионот

Западен Балкан моментално не игра главна улога во производството на синтетички дроги. Имало извештаи дека мал број локации за производство на амфетамин се откриени и демонтирани, на пример, во Северна Македонија и Србија (Министерство за внатрешни работи на Северна Македонија, 2017), а неодамна и во Босна и Херцеговина (Klix, 2022). Покрај тоа, еден производен погон на MDMA (екстази) наводно е демонтиран во Србија во 2017 година иако имало малку достапни детали за тоа (B92, 2017; РТС, 2017).

## Претовар на синтетички дроги и прекурзори

Криминалните мрежи на Западен Балкан моментално се помалку вклучени во трговијата со синтетичките дроги во споредба со другите супстанции. Иако се верува дека одреден број српски мрежи се вмешани во релативно помалиот шверц на синтетички дроги произведени во ЕУ во регионот (Министерство за внатрешни работи на Србија, 2020а), засега достапните информации укажуваат дека ангажирањето на криминалните мрежи на овој пазар е ограничено. Сепак, имајќи ги предвид динамичната природа на пазарот на дрогата, тешкотиите во откривањето на нелегалните производни места и профитот што може да се оствари од производството на синтетички дроги, оваа област заслужува постојано следење и понатамошна истрага.

Во ограничена мера во која постои таква трговија, прекурзори на наркотици и синтетички дроги се внесуваат и транзитираат низ Западен Балкан со користење повеќе рути, вклучувајќи ја и балканската рута за хероин (EMCDDA и Europol, 2019; UNODC, 2020). Тоа станало очигледно од заплените во регионот во последните години, како што е во Босна и Херцеговина (Dnevnik, 2019; SIPA, 2019), Северна Македонија (Република, 2021; SELEC, 2022) и Србија (NewsBeezer, 2020).

